ИЛУСТРИРАНА РЕВИЈА ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

# Македонија

50 ден.
Јуни 2007, година XLVIII, број 596
www.maticanaiselenici.com



# ПРОСВЕТИТЕЛИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

СТР. 16-17

ВОЗОБНОВЕНА МАТИЦА ЗА ПРЕПОРОДЕНА МАКЕДОНИЈА

## ЈАТКА НА СЕМАКЕДОНСКОТО ОБЕДИНУВАЊЕ

СТР. 2



ЈАН ПИРИНСКИ

## ПОСТОЈАНА БОРБА

СТР. 8-9

ХАШКИ ТРИБУНАЛ

## СЕ ГОВОРИ МАКЕДОНСКИ

СТР. 6-7

ИСЕЛЕНИЧКА ГРАМОТА

## ЛАУРЕАТ ИВИЦА ЧЕЛИКОВИЌ



СТР. 28

# Macedonia

Illustrated Magazine for Macedonian Immigrants

### ВОЗОБНОВЕНА МАТИЦА ЗА ПРЕПОРОДЕНА МАКЕДОНИЈА

# ЈАТКА НА СЕМАКЕДОНСКО ОБЕДИНУВАЊЕ



**ИВАН ЏО ПЕТРЕСКИ, претседател на Матицата на иселениците од Македонија**

Секој историски период за било кој народ носи свои премрежија. Но, во секое премрежие, какво и да е, интегритетот (личниот и колективниот), домољубието, верата, визионерството се „орудијата" без кои е невозможно соочувањето со предизвиците. Во спротивно, за каква кауза тогаш би зборувале!

За Македонија и македонскиот народ почетокот на новиот милениум беше почеток на нови и, без дилема, тешки искушенија чија што сеопфатност ги тангира сите пори на македонското општество. Таа општествена трансформација од чии што позитивен исход зависи иднината на македонската држава нужно бара мобилизација на сиот интелектуален и духовен потенцијал на земјата, како овде така и надвор.

Матицата на иселениците од Македонија како граѓанска асоцијација е незаобиколиво инволвирана во остварувањето на таа мисија. За волја на вистината, никогаш не ни било поинаку.

Во текот на своето повеќе од петдецениско опстојување, иселениците, сите Македонци по род и тло кои живеат надвор од нашата Македонија, биле, се и ќе бидат континурана грижа, цел и задача на Матицата. Впрочем, иселениците се и дел од конститутивното ткиво на нашата заедничка асоцијација. Иако нашата организација во изминатите неколку години беше мета на обидите за нејзино општествено маргинализирање и политичко инструментализирање, Матицата успеа уште еднаш институционално да го етаблира своето постоење и да ги верификува потенцијалите со кои располага.

И затоа сега, Матицата на иселениците од Македонија, реорганизирана и модернизирана, ја продолжува заедничката македонска мисија. Згора на ова мора да се напомене дека во прилог на погореспоменатото оди и јавно декларираната заложба на новата влада на чело г-динот Никола Груевски за подобрување на реалциите на иселениците со татковината и нивно непосредно вклучување во општествениот живот на Република македонија.

Во своите програмски цели Матицата јасно става до знаење дека ќе ги интензивира и продлабочи комуникациите, контактите и соработката на иселениците со матичната држава не само на полето на заштитата, унапредувањето и презентирањето на македонскиот културен и историски идентитет, ами и на полето на блиско и динамично вклучување на иселениците во македонските општествени текови.

Вебсајтот на Матицата и илустрираната ревија како нејзини официјални гласила се само еден мал чекор по тој пат, пат кој ќе биде ќор сокак доколку по него не зачекориме зедно со вас браќа и сестри во туѓината. Потпирајќи се на неспорните капацитети, овде во матичната држава, како и надвор меѓу нашата голема и ширум распространета иселеничка заедница, Матицата повторно ќе стане она врзивно ткиво неопходно за општа интелектуална и духовна мобилизација на сите Македонци.

Да сте живи и здрави, ќе живееме со вас, со надеж да бидеме успешни. Ќе не има...! Се вративме..!

### REVIVED HOUSE OF IMMIGRANTS FOR UPRAISED MACEDONIA

# CORE OF ALL-MACEDONIAN UNION

**By IVAN DZO PETRESKI, president of the House of Immigrants of Macedonia**

Every historical period bears its own misfortunes. However, in every misfortune, regardless of its nature, the integrity (personal and collective), patriotism, faith, and the visionaries are the „tools" without which facing challenges is impossible. On the contrary, if the case were such, we would not have a cause to talk about! The beginning of the new millennia denoted start for Macedonia and the Macedonian people of new, undoubtedly, hard temptations that touch all cells of the Macedonian society. The future of the Macedonian country depends on the positive outcome of this social transformation, which necessitates mobilization of entire intellectual and spiritual potential in the country, both here and abroad.

The House of Immigrants of Macedonia, as a citizen association is inescapably involved in this mission realization. Truth be told, it has never been otherwise.

In the course of its more then five decades of existence, the immigrants, all Macedonians by origin and soil, living outside of our Macedonia, were, are and will be permanent concern, goal and assignment for the House of Immigrants. As a matter of fact, the immigrants are also the constitutive tissue of our mutual association.

Though in the recent years, our organization was a target for several attempts of its social marginalization and political abuse, the House of Immigrants managed once again to institutionally establish its existence, verifying potential possession.

Therefore, the reorganized and modernized House of Immigrants of Macedonia continues to pursue mutual Macedonian mission. Further more, we must stress out that in favor of all above stated is the publicly announced interest of the new government and its leader Nikola Gruevski in improving homeland-immigrant relations and their immediate integration in the social life of Republic of Macedonia.

In its program activities, the House of Immigrants clearly states to act on intensifying and deepening communication, contacts and cooperation between the immigrants and the native country not merely in the field of protection, improvement and presentation of the Macedonian cultural and historical identity, but also in the field of close and more dynamic involvement of the immigrants in all Macedonian social currents.

The web site of the House of Immigrants and the illustrated magazine as its official informators are a small step down that road, a road that would lead to a dead-end unless we trace it together with you brothers and sisters abroad.

Relying on the unquestionable capacities, here in our home country but also outside among our large and widely spread immigrant community, House of Immigrants will once again become that vital connective tissue for common intellectual and spiritual mobilization of all Macedonians.

Be safe and sound, we will live with you, with hopes of becoming successful. We are going to be here..! We came back...!

Илустрирана ревија за иселениците од Македонија

**„Македонија"**

**Издавач:** Матица на иселениците од Македонија

**За издавачот:**
М-р Иван Џо Петрески

**Главен и одговорен уредник:**
Воислав Јаќински

**Заменик гл. одг. уредник:**
Бранка Доневска Најдовска

**Издавачки одбор:**
Проф. д-р Ѓорѓи Тоновски, Светислав Станковиќ, Софија Стефковска, Тодор Петров, Ангелка Михајловска, Димитар Дангов и м-р Златко Поповски

**Пом. гл. одг. уредник и превод:**
проф. Ксенија Милева

**лектор:** Павлина Нушева

**Фоторепортер:** Роберт Спасовски

**Ликовно – графичко уредување:**
Марјан Делевски

**Печати:** „Микена", Битола

Адреса: 27 Март бр. 5, 1000 Скопје
тел. ++389 2 3 222 101
www.maticanaiselenici.com
e-mail:matica@maticanaiselenici.com

Првиот број на илустрираната ревија за изелениците „Македонија" излезе во октомври 1951 година.

# ВРАЌАЊЕ НА СТАРИОТ СЈАЈ



Бранка Доневска Најдовска

Со свеченост, на која присуствуваа видни домашни општественици, бизнисмени, културни дејци како и претставници на Владата Република Македонија и на дипломатскиот кор во земјава, во вторникот (10 октомври 2006 година) и официјално беше ставен во функција објектот на возобновената Матица на иселениците од Македонија. На свечениот чин му претходеше осветување на реновираната зграда, што само до пред неколку месеци, кога со него бесправно управуваше т.н. Агенција за иселеништво, беше буквално, во јадна и руинирана состојба. Светиот ритуал го водеше Архиепископот Охридски и Македонски, Неговото Блаженство, г.г. Стефан, во придружба на нивните преосвештенства митрополит г. Петар и митрополит г. Агатангел. По осветувањето, за гостите беше подготвен пригоден коктел во хотелот ,,Јадран,,, во знак на благодарност за нивната подршка на Матицата во нејзината патриотска цел – негувањето на љубовта кон својата татковина, јазик, потекло!

Како што истакна во кусиот пригоден говор, сегашниот претседател на Матицат, а г-динот Иван Џо Петрески, ова наше Здружение во текот на шест-деценискoто постоење се докажа како институција која има особено национално место, улога и значење во историјата на Македонскиот народ. Таа постојано ја негува својата мисија на најдиректна комуникација и соработка со нашата иселеничка заедница ширум светот. За жал мораме да констатираме дека нашата организација во изминативе неколку години беше мета на обидите за нејзино општествено маргинализирање и политичко инструментализирање. Матицата и покрај таквите неразумни потези успеа, уште еднаш, институционално да го етаблира своето постоење и да ги верификува потенцијалите со кои таа располага.

,,Матицата на иселениците од Македонија" е основана по иницијатива на повратници, културни и општествени дејци од Македонија на 17 мај 1951 година, согласно тогашните законски одредби на НРМ. Со донесувањето на Законот за Здруженија и фондации во 1998 година „Матицата на иселениците од Македонија" нејзината легална основа е усогласена според новите нормативни одредби со правосилно решение (бр 102/98 од 28.06.2000 г.) на Основниот суд Скопје 1 Скопје. Во текот на своето шестдецениско постоење Матицата дел самостојно, а дел во соработка со државните институции на Република Македонија, како и со организациите на нашите иселеници во странство реализираше мноштво проекти во повеќе сфери: култура, издаваштво, образование...

Денес Здружението, не заборавајќи на своите корени и идеолошко наследство, повторно се раѓа и расте. Бројни ентузијасти и родољуби презедоа низа активности со што Матицата е реорганизирана и модернизирана и ја продолжува својата благородна мисија. Остварувањето на планираните активности, обновувањето на илустрираната ревија Македонија , промовираниот веб-сајт на Матицата и бројни други зафати, се дел од напорите за враќање на сјајот на нашето здружение. Меѓутоа, оваа историска задача полесно и побрзо ќе ја оствариме со ваша поддршка и помош, со искрена и транспарентна соработка.

## Матицата - мост на Македонското заедништво

[illegible]

ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА/ ANNUAL SUBCRIPTION
(авионска пошта / airmail)

| | |
|---|---|
| САД / USA | 60 USD |
| Канада / Canada | 60 CAD |
| Австралија / Australia | 80 AUD |
| Нов Зеланд / New Zealand | 60 USD |
| J.Америка / S. America | 60 USD |
| (обична пошта / regular mail) | |
| Европа / Europe | 25 EUR |
| Македонија / Macedonia | 100 DEN |

ДЕВИЗНА СМЕТКА / FOREIGN CURRENCY ACCOUNT
Acc. No.

ДЕНАРСКА СМЕТКА / DOMESTIC CURRENCY ACCOUNT (IN DENAR)
Acc. No.




Име и Презиме / Name and surname

Адреса / Address

Град / City

Држава / State

Поштенски број / Zip Code

Тел. / Tel.

Факс / Fax

Email

Датум / Date




# СЕ ГОВОРИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**Првпат во Хашкиот трибунал се зборува на македонски јазик.- Трichlen судски совет на чело со австралискиот судија Паркер.- Доцнат преводите на македонски јазик на обвинителството.- Неаргументирани обвиненија**

**Специјално од Хаг**
**Тодор Петров**

Делегација на Светскиот македонски конгрес и Здружението за поддршка на Љубе Бошкоски, предводена од претседателите Тодор Петров, кој е и член на Претседателството на Матицата на иселеници од Македонија и Мане Јаковлески, денес го следеше судењето на Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски во Хашкиот трибунал за случајот „Љуботен“. Судењето го следеа и амбасадорката на Република Македонија во Холандија, Добринка Тасковска, како и сопругата и ќерката на Бошкоски.

Со судскиот процес против македонските граѓани Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски во Хашкиот трибунал раководи тричлен судски совет под претседателство на австралискиот судија Паркер. Обвинителството го застапуваше заменик-обвинителот Ден Саксон и Џоана Мотоике, а одбраната на Бошкоски и Тарчуловски ја застапуваа адвокатите Едина Рашидовиќ, Метро и Апостоловски.

## ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ХОЛАНДИЈА

**Претседателот на Светскиот македонски конгрес и член на Претседателството на Матицата на иселениците од Македонија, Тодор Петров, во Ротердам имаше средба со вршителот на должноста претседател на Македонската заедница во Холандија, Љупчо Ѓорчевски.**

**Одредено време Заедницата не функционира и не ја остварува дејноста. Светскиот македонски конгрес ќе ги преземе сите мерки и активности за возобновување на Македонската заедница во Холандија и обединување на македонските друштва во Холандија.**

# ОД СУДСКИОТ ПРОЦЕС ВО ХАГ ПРОТИВ БОШКОСКИ И ТАРЧУЛОВСКИ

Обвинителството тврди дека вооружените сили на Македонија брутално убиле седум цивили- селани на Љуботен во август 2001 година и тоа со упади во нивните домови без никаква причина.

Одбраната на почетокот на судењето изрази незадоволство поради неможноста на обвинителството и Судот досега да ги преведат консолидираните изјави на сведоците, за да може квалитетно да бидат обработени. Претседателот на судскиот совет, судијата Паркер, образложи дека ова е прво судење на кое се користи македонскиот јазик. Биле распишани огласи за вработување на преведувачи на македонски јазик и поради тоа се доцни и со преведувањето на консолидираните изјави на сведоците. Судијата Паркер вети дека до крајот на мај ќе се преведат сите консолидирани изјави и истите ќе им бидат достапни на одбраната.

Првиот сведок обвинителството објави дека не е во можност да се појави пред судот, бидејќи живеел на друг континент, на што одбраната побара аудио-визуелно учество на таквите сведоци. Но, ако денот се суди по утрото, обвинителството против Бошкоски и Тарчуловски излезе со неподготвени сведоци и монтирани изјави, самите противречни во текот на вкрстеното испрашување од страна на одбраната. Неспорно е дека чедото за секоја мајка е најубавото и најсаканото, а неговата смрт е најболна независно од поводот. Неспорна е болката на првиот сведок мајката Зенап Јусуфи за смртта на нејзиниот син Рами Јусуфи, меѓутоа провидна беше намерата на обвинителството, да се претстави како цивилна жртва на насилна смрт предизвикана од упад на вооружените сили на Македонија и убиство во неговиот дом пред влезна врата на својата куќа. Адвокатката

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА СМК КАЈ БОШКОСКИ ВО ШЕВЕНИНГЕН



Јанко Пирковски од Берлин, Тодор Петров и Миле Ѓоревски од Ротердам

Делегација на Светскиот македонски конгрес и Здружението за поддршка на Љубе Бошкоски, предводена од претседателите Тодор Петров и Мане Јаковлески го посети Љубе Бошкоски во затворот во Шевенинген. Петров и Јаковлески ја изразија поддршката на Македонците од сите делови на Македонија во целиот свет за праведно судење и брзо ослободување на Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски, бидејќи не постојат елементи за делото за кое се обвинети.

Петров и Јаковлески изразија морална поддршка на Бошкоски и Тарчуловски и се задржаа во подолг разговор со Бошкоски.



## ПОСЕТА КАЈ МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО БЕРЛИН

**Претседателот на СМК и член на Претседателството на Матицата на иселениците од Македонија, Тодор Петров, во Берлин заедно со претседателот на Здружението за поддршка на Љубе Бошкоски, Мане Јаковлески, имаа средба со македонскиот амбасадор во Германија, Ѓорѓи Филипов во амбасадата на Република Македонија во Берлин. На средбата Петров и Јаковлески го информираа амбасадорот за нивната посета во Холандија, посетата на Бошкоски во Шевенинген и следењето на судењето против Бошкоски и Тарчуловски во Хашкиот трибунал.**

**Петров го информира амбасадорот за покренатите иницијативи за: возобновување на македонските заедници за северна Германија, средна Германија, јужна Германија и за Берлин; организирањето средба на митрополитот европски на Македонската православна црква со поглаварот на Протестантската (Евангелистичката) црква во Германија, Волфганг Хубер; и организирањето македонска прослава за 8 Септември со концерт на групата „Синтезис" пред Бранденбуршката порта и промоција на вина во елитниот ресторан „Теодор Тухер".**

**Амбасадорот Филипов изрази отвореност за соработка и очекување за обединување на македонските друштва во Германија со цел координација на нивните активности и афирмација на нивните интереси пред германските власти.**

# ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ГЕРМАНИЈА

Претседателот на Светскиот македонски конгрес и член на Претседателството на Матицата на иселениците од Македонија, Тодор Петров, во Берлин имаше средба со Македонци, на којашто е воден разговор за возобновување на македонските заедници: Македонската заедница за северна Германија, Македонската заедница за средна Германија, Македонската заедница за јужна Германија и Македонската заедница за Берлин. Одредено време заедниците не функционираат и не ја остваруваат дејноста поради којашто се формирани.

# МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР ВО ВЕЕРТ

Македонското друштво ,,Гоце Делчев“ од Веерт, Јужна Холандија, одржа македонска вечер. На македонската вечер присуствуваа стотина Македонци од Холандија и Германија, кои уживаа во изведбите на народни песни исполнети од Благоја Груевски и други естрадни уметници.



# ВО БЕРЛИН МАКЕДОНЦИТЕ КУПИЈА ЗЕМЈА ЗА ИЗГРАДБА НА МАКЕДОНСКА ЦРКВА

Конечно, по 16 години од нејзиното формирање, Македонската православна црковна општина ,,Свети Климент Охридски“ во Берлин откупи земјиште со површина од околу 600 м2 за изградба на Македонска православна црква во Берлин на улица ,,Осдорферстрассе“. Во дворот на црквата ќе се изградат црковни конаци, камбанарија, културен центар, простории за македонски клуб и македонската заедница, сала за прослави, стан за свештеникот и резиденција за митрополитот европски.

Тодор Петров, ја посети локацијата на црковната општина, а пред управата на црковната општина го вети проектот за изградба на црквата без надомест, што беше со задоволство прифатено.

Досега Македонците богослужбата ја извршуваа во Протестантската црква во Берлин.

Едина Рашидовиќ покажа и докажа дека не станува збор за убиство во куќата на Јусуфи туку за вооружена пресметка во која Рами Јусуфи загинал. Подоцна бил однесен дома преоблечен и сликан како да станува збор за насилна смрт поради пукање од припадници на вооружените сили на Македонија на вратата од семејната куќа на Јусуфи.

Адвокатката Рашидовиќ, исто така, покажа дека сведоците давале изјави пред обвинителството во 2004 година, повторно во април 2007 година, меѓутоа истите се противречни една на друга, како и со самото сведочење на сведоците во текот на испрашувањето.

Адвокатката Рашидовиќ со испрашувањето на сведокот Зенап Јусуфи ја прикажа сликата за албанското семејство, дека живеат во куќи оградени со високи ѕидови, дека во семејството одлучува мажот, дека жената мора да го слуша мажот, дека меѓу Албанците владее бесата која не смее да се прекршува.

Исто беше сведочењето и на таткото на Рами Јусуфи, Елмаз, кој за цело време на сведочењето беше противречен. Адвокатката побара дискредитација на таткото Елмаз Јусуфи како сведок поради контрадикторностите во неговата изјава. Адвокатката Едина Рашидовиќ ја отвори дилемата како бил облечен загинатиот Рами Јусуфи. Таа пред Хашкиот суд покажа фотографии на убиениот Рами Јусуфи, но на фотографиите за коишто таткото тврдеше дека се направени по убиството никаде не се гледаше крв.

Судот побара адвокатите при испрашувањето да се задржат само на важните прашања, затоа што ако вака продолжи сведочењето и испрашувањето со споредување на изјавите дадени во различно време од сведоците, судењето ќе продолжи и идната 2008 година.

Обвинителството најави 96 сведоци чие испрашување се очекува да заврши за 11 седмици. Со сведоци се подготвува и одбраната, која ќе ги повикува по изведувањето на сите сведоци од обвинителството пред Хашкиот трибунал.

„За поддршка на Бошкоски се преземени многу активности за помош на одбраната во судењето против Бошкоски и Тарчуловски. Веруваме дека и двајцата ќе бидат ослободени, бидејќи неправедно се обвинети. Бошкоски и Тарчуловски се жртви на политички монтиран процес, - изјави Мане Јаковлески, претседател на Здружението за поддршка на Бошкоски.

Очекуваме адвокатите на Бошкоски и Тарчуловски да понудат квалитетна одбрана и пред судот да покажат и докажат дека не постојат елементи за делото за кое се обвинети. Бошкоски и Тарчуловски, за жал, се жртви на Бучковски и Георгиевски. Веруваме дека правдата ќе биде задоволена, 2001 година ќе биде демистифицирана, а вистинските виновници ќе ја добијат, кога и да е, заслужената казна.

# СЀ Е МАКЕДОНСКО!

Роден сум во Гевгелија во подножјето на античката Гортинија, резиденција на македонскиот крал Филип, таткото на славниот Александар.Горд сум Македонец по татко на татко ми од Мачуково, по ропско Евзони, по дедо на мајка ми од Мариово, векови назад. Дел сум од стара Македонија и затоа велам Македонија е античка држава, сме ја создале токму ние Македонците. До вчера за неа зборуваа само Грците и тоа од распаѓањето на последната поранешна Југославија, како што за жал „нашите“ од МАНУ (СВАНУ) со тезите за Словените, со кои преку Дунав, цело време не селеа зад Карпатите.



**Тодор Петров**

После 2000 години Македонската држава повторно е возобновена и така ќе остане додека светот-светува и векот-векува! Повеќе никој и никогаш не може да не сели зад Карпатите, да не растура по меридијаните за да не нема, друг место Македонците да биде во Македонија. И затоа, ќе ја започнам приказната за Македонија по тукашно или по нашински, како што велат старите, по македонски, која мора да ја прераскажуваме, за да ја победиме војната со мирот, сравот со силата на умот и културата и да ги понудиме интеграциите и развојот без алтернатива, не само за Македонија, туку за сите во регионот. Затоа што се наши.

Си постоел еднаш еден етнос, луѓе од ист род и пород, македонски. Поради туѓи интереси за свои сфери на влијание на овие простори, големи сили го поделиле него и неговата земја Македонија чиешто крајбрежје го заплиснувале брановите на три морињa Синото, Белото и Црното. На териториите кои ги завладеале им дале свои имиња и им донеле свои суверени од нивни династии, кои за да владеат со нив, од земјите од каде што дошле, со себе донеле и свои историчари, да им напишат историја за територијата што ја владеат. Се разбира, големите сили освен своите суверени, не донеле нови народи, туку во земјите што ги завладеале ги затекнале деловите на сега поделениот етнос македонски во новите нации-држави како нивна креација за свои сфери на влијание. Деловите од етносот затекнати во границите на новата геополитика, нормално, како мнозинско население, својата култура и историја, македонската, како државна, ја инкорпорирале во нациите-држави на чии територии од векови живееле, независно од именувањето по современата геополитика.

И оттука феноменот Балкан кој во основа е Македонија, како буре барут, со раздели па владеј за туѓи интереси. Оттука и поделбата на потесна Македонија од Втората балканска војна има за цел тоа дефинитивно да го санкционира, а не, нејзиното обединување некогаш да го реинкарнира.

Големите сили дури долго време во новиве државинации поддржувале тоталитарни режими, со државен терор и репресија да создадат нови хомогени нации според името кое им го дале на териториите со кои завладеале, физички да се елиминираат врските меѓу родовите од двете страни на границата.

Но, конечното распаѓање на поранешна СФРЈ во 1991 година, во регионот меѓу трите моринја, повторно ја реинкарнира темата Македонија, во последната возобновена Македонска држава, која по меѓународно право е последен и единствен номинален носител на името Македонија. Со реинкарнацијата на темата Македонија со државата Македонија, сите нејзини соседни метрополи манифестираа страшно агресивен антимакедонизам. Оти секој ќе каже, а што ако ова парче земја како држава Македонија воспостави монопол врз името, културата и историјата на Македонија? Што ќе остане од нашата култура и историја, кои во основа се македонски, делови од целината на темата и Империјата Македонија. Оттука, Македонија не може да претставува јаболко на раздорот, туку фактор за интеграција, фактор на мирот и на стабилноста во регионот.

И уште нешто, како заедничка референца на сите балкански држави-нации. Секој тврди дека граничи од сите страни со самиот себеси. Секој тврди дека останатите му ја крадат културата и историјата. Сите слават исти датуми настани и личности, само што зависи кој од која страна на границата е, за да каже наши се, според нотификацијата на современата геополитика која не кореспондира со основниот етнитет, или се однесуваат како инверзни матрици. И, за Белград, Македонците се Срби, за Софија, Македонците се Бугари, за Атина,Македонците се Грци, за Тирана,Македонците се Албанци. Ако Македонците се и Срби, и Бугари, и Грци, и Албанци, епилогот е дека и Србите, и Бугарите, и Грците, и Албанците се во основа - Македонци. Тогаш навистина никој од никого ништо не краде, сите слават исти настани, датуми и личности, бидејќи станува збор за еден и единствен ист етнос, бидејќи сите се Македонци, како делови на иста тема и Империја.

Македонија и ние Македонците мораме да го повратиме заборавот за античката историја, за плејадата македонски кралеви и цареви, македонски династии, бидејќи тоа е дел од културата и историјата на Македонија и на Републиката Македонија. Не за инает на Грците, или Греаците, или Елините, или Господ знае како уште не, туку затоа што македонизмот е универзална категорија, неговите вредности имаат универзална димензија и затоа што сите на Балканот во основа се Македонци, а културно-историското наследство на Македонија им припаѓа на сите ним, ни припаѓа на сите нам. Раскажувајте ја приказната за Македонија,ширете ја вистината за Македонија. Затоа што само таа ке остане наша и лулка на цивилизацијата во светот. Само така водите на Синото Белото и Црното Море повторно ке го заплискуваатkрајбрежјетона оваа света и билиска земја Македонија.

# ЈАН ПИРИНСКИ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА



# ПОСТОЈАНА

**Разговараше: Бранка Доневска Најдовска**

**„Весникот има исклучително силно влијание меѓу Македонците во Бугарија. Тој ги запознава со историската вистина за Македонија. Во сите овие години откако излегува во Благоевград тој им нуди сестрана информација на своите читатели. Со факти и аргументи ги разоткрива бугарските фалсификати за историското минато на македонскиот народ**

Јан Пирински е псевдоним на Георги Христов, кој почнува да се потпишува како Пирински со почетокот на излегувањето на весникот „Народна волја“ во Благоевград, за како што самиот вели: „Да не знаат нашите „пријатели“, кој стои зад тоа име.“ Роден е во село Јаново, Санданско, Пиринскиот дел на Македонија, на 17 мај 1931 година. Работел на различни места како службеник. Бил неколку години учител по бугарски јазик и литература во основно училиште, инспектор во „Социјални грижи“ во окружниот совет...

Пишува стихови уште како ученик во основно школо. Негови творби се објавени во „Пиринско дело“ и во централните весници и списанија. Од 1992 година е главен и одговорен уредник на македонскиот весник за теорија, историја, култура и уметност, „Народна волја“. Како што вели, пишува сеуште стихови, но пред се е новинар и непомирлив борец за добивање на правата и слободите на Македонците, што живеат во Република Бугарија.

**● Како е формиран „Народна волја“ и со која цел?**

- „Народна волја“ е создаден во Сиднеј, Австралија, од македонските патриоти Александар Христов, Крсто Енчев, Георги Чочков, Ангело Вретовски, Митре Мојсовски и други. Првиот број излезе на 1 октомври 1980 година во Сиднеј, а од 1981 година излегува во Лондон, Англија. За главен и одговорен уредник е избран Александар Христов. ОД 1992 година весникот излегува во Благоевград, Пиринскиот дел на Македонија. Идејата и целта за постоењето на ова издание е големата потреба од македонски весник, што ја чувствуваа Македонците, што живеат во Пиринскиот дел на Македонија и по села и градови низ цела Бугарија.

**● Кому му се обраќате?**

- Весникот е наменет за Македонците, но и на сите граѓани на Бугарија.



## „НАРОДНА ВОЛЈА“

Се чита претежно од луѓе со македонска национална самосвест. „Народна волја“ излегува во 2 000 примерока, а неговите читатели се веројатно неколку пати повеќе, поради фактот што тој се чита и од блиските на оние што го купуваат. Весникот „Народна волја“ има исклучително силно влијание меѓу Македонците во Бугарија. Тој е нивниот омилен весник кој ги запознава со историската вистина за Македонија. Во сите овие години одкако излегува во Благоевград тој им нуди сестрана информација на своите читатели. Со факти и аргументи ги разоткрива бугарските фалсификати за историското минато на македонскиот народ. Водиме безкомпромисна и беспоштедна борба со бугарските националшовинисти. Со еден збор, „Народна волја“ е духовната храна за Македонците и се чита со голем интерес.

**●Како Ве прифаќаат колегите од другите медиуми?**

- Можам да кажам, дека во почетокот, кога тој за прв пат се појави на бугарскиот медиумски пазар,

*„Во животот ме води чувството и вербата, дека припаѓам меѓу личностите – носители на слободољубиви идеи, меѓу заштитниците на природните и животни потреби на луѓето, на правдата, справедливоста и слободата, на хуманизмот и алтруизмот“*

# БОРБА!

*„Обновувањето на списанието „Македонија“ е многу важна работа. Во изминатите години тоа имаше исклучително значајна улога. Им нудеше на Македонците по светот разнообразна и богата информација. Се читаше со голем интерес. Неговата понова појава ќе помогне исклучително многу за воспоставување на директни контакти со Македонците што живеат надвор од Републиката. А сметам дека тоа е и основна задача на Матицата“*

бугарските новинари веднаш започнаа да му лепат лажни етикети. Го нарекуваа антидржавен, антинароден, антибугарски и повикуваа кон службите за безбедност весникот да биде забранет, а главниот уредник и новинарите, кои работат во него да бидат уапсени и пратени в затвор. Весникот беше конфискуван два пати и сопственикот на печатницата беше казнет да плати 6 000 лева. Постепено нашите противници свикнаа со „Народна волја“ и денес немаме никакви проблеми. Бугарскиот народ нема однос спрема весникот.

**●Кој е најголем проблем при излегувањето на „Народна волја“?**

- При издавањето на весникот најтежок за нас е проблемот со финансиите.

**●Од кого се имате подршка?**

- Финансиски и морално не подржуваат поедини македонски патриоти од Република Македонија и дијаспората. Како такви можам да ги посочам г-н Владимир Ралев, кој годинава ни подари 3 000 евра, Костадин Печов, Борис Петков, Иван Петров и други. Пред години ни помагаше и д-р Лефтер Манчев. Во Република Македонија имаме голем пријател на весникот, кој најмногу не спонзорира, но не сака името му да се споменува. Другите личности од Македонија, кои повремено ни помагаат исто не сакаат имињата да им бидат спомнувани. Помош од официјални македонски организации, фондации, институти или владини органи не добиваме.

**●Што мислите за возобновената Матица на иселениците од Македонија?**

- Веќе имав можност и видов, дека реконструкцијата на зградата е целосно завршен, а со луѓето кои ќе работат овде во иднина имав задоволство да се запознам. Очекувам многу добри резултати од работата на Матицата со дијаспората, а така исто и со Македонците во соседните земји на Република Македонија. Не треба да ги заборааат своите основни ангажмани спрема Македонците кои живеат надвор од Република Македонија. Обновувањето на списанието „Македонија“ е многу важна работа. Во изминатите години тоа имаше исклучително значајна улога. Им нудеше на Македонците по светот разнообразна и богата информација. Се читаше со голем интерес. Неговата понова појава ќе помогне исклучително многу за воспоставување на директни контакти со Македонците што живеат надвор од Републиката. А сметам дека тоа е и основна задача на Матицата.

**●Што го води во животот Јан Пирински?**

- Тоа што ме води во животот е чувството и вербата, дека припаѓам меѓу личностите – носители на слободољубиви идеи, меѓу заштитниците на природните и животни потреби на луѓето, на правдата, справедливоста и слободата, на хуманизмот и алтруизмот.

**●Има ли млади луѓе на кои ќе им го оставите своето дело?**

- Мислам дека има уште млади луѓе, кои можат да го понесат нашето дело, но тие тешко се вклучуваат, зашто стравот постојано се всадува во нивните души од националшовинистите и препреките пред нив се големи. Освен тоа, денес стремежот на младите е насочен единствено да бараат услови за да се реализираат во општествениот живот, во дејности кои ги интересираат.

**●Во целиот Ваш творечки и приватен живот – што ве здоболело најмногу?**

- Болката била најголема од предавството. А во личен план најсилна болка сум чувствувал при загубата на моите родители, на двајца од моите браќа, на блиските до моето срце луѓе.

Профил

## ИВАН ЏО ПЕТРЕСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАТИЦАТА НА ИСЕЛЕНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА



# ЗА МАКЕДОН

**Разговараше: Лилјана Ристова**

**● Г-не Петрески, во македонското иселеништво владее збунетост за тоа која е правата иституција во Република Македонија задолжена за одржување на мостови и соработка со иселените Македонци...**

**Петрески:** Многу сум ви благодарен за вашата иницијатива за објаснување на збрките во врска со оваа проблематика, како во иселеништвото, така и во Македонија. Матицата на иселениците на Македонија е формирана на 6-ти јуни 1951 и има континуитет и си постои до ден денес. Меѓутоа, за време на политичките игри во текот на изборите во 1998 година, Мартин Треневски, поранешен новинар и дописник на „Танјуг“ од Австралија, пројугословен, а не Македонец од Југославија, со помош на неколку негови доушници, успеа да го убеди тогашниот премиер на Владата на РМ Љубчо Георгиевски да се формира Министерство за иселениште со тоа што ќе ја згаснат Матицата.

Иако, во времето на СФРЈ сите ние бевме Македонци кои потекнувавме од Македонија во Југославија, додека Треневски беше Југословен од Македонија и ги убедуваше сите дека дека нема Македонци и дека се Југословени.

Министерството, кое после две години се преиначи во Агенција, го задржа техничкиот персонал на Матицата, додека нејзиното претседателство, во кое членував и јас, на најгруб начин беше исфрлено на улица, со тоа што ни ги одзедоа нашите технички помагала, зградата, архивата, жиро сметките во банката, девизните сметки, уметнички слики, народни носии и се друго што и припаѓаше на Матицата на иселеници. Од кога тоа се

> **“Планираме да го обновиме печатењето на илустрираната ревија „Македонија”, печатењето на книги, ќе се обидеме да помогнеме и во формирањето на нови македонски друштва и школи надвор од татковината, ќе ја помагаме и Македонската православна црква на сите меридијани во светот. Но, Матицата мора прво да си го поврати капиталот што и беше украден од булументата на Мартин Треневски и Љубчо Георгиевски**

случи во 1999 година ние започнавме долготраен судски спор. Меѓутоа, иако правдата забави, не не заборави. Си ја повративме зградата на Матицата, а никогаш и не бевме исклучени од записникот за здруженија на граѓани и фондации, бидејќи ние Матицата ја усогласивме со новите прописи и закони како што налагаше државата во тоа време. Матицата опстана и од 1-ви октомври 2006 година започна со своето нормално работење.

Би сакал да пообјаснам дека Матицата си остана Матицата, додека Агенцијата е хибрид произлезен на иницијатива на политичките булументи на ВМРО-ДПМНЕ на Љубчо Георгиевски.

Во периодот од 1998 година до денес срушени се скоро сите мостови помеѓу иселеништвото и татковината, што Матицата на иселеници на Македонија ги градела со децении.

● **Какви се вашите планови на тој план?**

**Петрески:** За жал, како што пред малку реков, Матицата на иселеници не е крива за штетата што е нанесена, бидејќи од улица не можевме да контактираме со нашите иселеници на сите пет континенети. Бевме тотално маргинализирани, меѓутоа борбата се водеше по правните канали и судови. Имаме една пресуда во наш интерес и од Европскиот суд во Стразбург.

Матицата на крај ги помина сите тие тешкотии и успеа да докаже дека е единствената и вистинската јатка за македонското национално единство во светот. Агенцијата за иселеници работеше како туристичка агенција на поединци во власта, се менуваа само директорите кои постојано патуваа, користејќи ги средствата на Матицата, макотрпно собирани во последните 50-тина години. Финансиските средства на Матицата и беа одземени на најгруб начин преку Стопанска банка на Македонија, со која сега водима спор за отштета.

Матицата на иселеници на Македонија цврсто опстоја во заштита на Македонската православна црква, во заштита на македоското национално битие. Ние секогаш сме го чувале и ќе продолжиме да го заштитуваме националното јадро на Македонија.

Овде беа инсталирани разноразни странски служби, како бугарска, така и албанска, српска и грчка, но не и за македонската кауза. Од кога се повративме во своите простории на 23-ти март оваа година, ни зеде повеќе од шест месеци да ја реновираме тотално руинираната зграда, чии простории беа тотално уништени, за да го повратиме нејзиниот изглед, како и угледот на самата Матица. За споредба ќе кажам дека зградата на Матицата на иселениците беше многу повеќе уништена дури и од објектите на бившата ЈНА кога се повлекуваше од Македонија.

Во однос на нашите активности, веќе имаме изготвено план за 2007 година, имаме веќе и прилично богата веб страница во која може да се запише секој иселеник и да остварува контакти со другите иселеници во светот.

● **Каков е односот на сегашнава Влада према обновената Матица за иселеници?**

**Петрески:** Со закон на минатата Влада се укинуваат сите агенции на терет на буџетот на државата, меѓу кои е и Агенцијата за иселеништво. Матицата за иселеништво, секоја година,

# СКАТА КАУЗА





преку своите друштва во Македонија го организира иселеничкиот собир во Трново. Во минатото на тие собири присуствуваше делегација на Министерството за надворешни рабори, на чело со д-р Илинка Митрева, додека оваа година присуствуаше и премиерот Никола Груевски.

Во иднина ќе гледаме нашите активности да бидат усогласени со активностите на Владата, но сакам да нагласам дека ние сме невладина, непартиска организација, односно Здружение на граѓани од јавен интерес кое постои повеќе од 50 години.

Во зградата на Матицата на иселеници им дадовме простор и на други организации, како што е Светскиот македонски конгрес со кој имa ист однос према иселеништвото, како и према чувањето на македонскиот национален идентитет. Од самиот почеток на формирањето на Светскиот македонски конгрес, претседателот Тодор Петров има направено големи дела за македонската кауза.

**● Како претседател на обновената Матица што би им порачале на македонските иселеници?**

**Петрески:** На сите македонски иселеници, по крв и по тло, би сакал да им порачам дека Матицата нема никогаш да ги заборави и дека ќе ја обнови својата возвишена дејност. Наскоро ќе започнеме со печатење на својата илустрирана ревија „Македонија“, ќе печати книги, ќе се обиде да помогне во формирањето на нови македонски друштва и школи надвор од татковината и ќе ја помага Македонската православна црква на сите меридијани во светот.

**● Дали во Република Македонија постојат институции и фондови за помагање на културни и етнички активности на иселениците, како што ги има во другите земји? Конкретно, во Канада егзистираат неколку македонски средства за информирање, од кои, према нашето сознание, повеќето се на работ да се откажат од издавањето или уредувањето, со исклучок на едно или две кои опстануваат со помош на антимакедонски организации...**

**Петрески:** Многу ми е криво што и вие иселениците сте на маргините на македонската власт и Матицата, како невладино здружение, ќе се обиде да ги помага вашите иницијативи. Меѓутоа, Матицата мора прво да си го поврати капиталот што и беше украден од булументата на Мартин Треневски и Љубчо Георгиевски. Меѓутоа, Министерството за надворешни работи има свое биро за иселеништво, во кое, како на филмска лента ги менуваат раководителите, бидејќи повеќето од нив биле добри Македонци, но не биле политички определени како што посакувале оние кои биле на власт.

Се надевам дека новиот министер за надворешни работи Антонио Милошоски ќе се заложи повеќе за иселениците, со тоа што ќе ја помогне Матицата, како што порано од Министерството за финансии се издвојуваше одредена сума пари на годишно ниво за активностите на Матицата и одредени иницијативи на иселениците. Последниве неколку години тие пари за свои лични цели и за туристички патувања ги користеше Агенцијата за иселеништво во која се вработуваа луѓе од политичката номенклатура заедно со нивните роднини.

# ИСЕЛЕНИШТВОТО И КОЈ ПАТ

**Пишува: Марјан Велевски**

Одамна се минати времињата кога весниците Нова Македонија и Вечер доаѓаа со авионска пошта во прекуокеанските земји, и кога тие практично беа единствениот информативен мост со татковината. Ги нема ниту ревносните проследувачи на настаните во стариот крај кои со душа ги чекаа весниците. Тие не губеа време туку најзначајните вести ги фотокопираа во црковните општини, или социјалните клубови и ги делеа на другите заинтересирани како нив, а кои немаа можност да бидат присутни кога пристигнуваа весниците.

Денеска весниците веќе немаат потреба да патуваат со денови за да дојдат до оние што би сакале да ги прочитаат, бидејќи благодарение на интернет тие се достапни истовремено и во Македонија и на секоја точка од земјината топка која има приклучок на глобалната мрежа. А такви кои немаат интернет се се помалку.

Во спротивена насока, во времето кога Интернет е активно присутен во речиси секој дом во Македонија и вестите од целиот свет буквално за дел од секундата допираат до секое катче во Охрид, Старавина, Кавадарци... единствена „црна дупка“ претставува информирањето за состојбите во македонското иселеништво. Малиот број весници и списанија во новите татковини, како и недоволната застапеност на интернет со актуелни содржини од бројните здруженија, клубови и асоцијации, го прави јазот меѓу матичната држава и иселеништвото уште поголем.

За жал, состојбата е таква и шансите за промена се минимални, барем додека нешто драстично не се измени. Се чини дека во оваа насока најмногу што недостига е активното учество на матичната држава, Република Македонија, која не изнајде начин да ги помогне сите овие фактори кои се трудат да сторат нешто повеќе на полето на афирмацијата на македонското битие во своите нови средини. Како да се заборава дека со нивна афирмација и промоција,

ИНФОРМИРАЊЕТО

# ВОДИ ЗА МАРИОВО?



**Информативниот мрак во двете насоки се обидуваат да го пробијат само ретки ентузијасти, но сето тоа е премалку за посериозен третман на еден толку важен сегмент од секојдневието**

истовремено се подига и рејтингот на матичната држава, дека е тоа еден од најдобрите начини на лобирање.

Вака целата сфера на информирањето практично е оставена на грбот на оние ретки ентузијасти кои не жалат ни средства ни време, а богами ниту нерви за да ја извршат својата мисија. Тие самите најдобро знаат колку вложиле од себе за да можат да ги испечатат и потоа да ги дистрибуираат до нашите сонародници овие пишани изданија.

Кога во нивната работа би ја имале неопходната помош од матичната земја, Република Македонија, сигурно дека би им се симнал голем товар од плеќите. Впрочем, во минатото татковината, дури и кога беше во рамките на една поголема држава, водеше грижа за иселениците од Македонија на тој план.

Зошто сега би било поинаку, особено што кога ќе дојде времето за тоа (избори, референдуми, самопридонеси) политичариоте експресно се сеќаваат дека имаат свои блиски кои заминале на печалба преку седум гори и седум морињa.

Впрочем, еве, доаѓа летото. Време кога традиционално иселениците во голем број доаѓаат дома, да го посетат стариот крај. Тоа нека биде убава можност да се обноват некогаш многу посетените средби со уредниците и сопствениците на македонските медиуми во светот. Ако ништо повеќе, барем на едно пријателско видување. Колку да си ги кажат маките и проблемите. Можеби заеднички ќе се изнајде начин за нивно надминување.

Нека биде тоа првиот чекор кон некој иден информативен центар кој ќе биде од интерес на сите Македонци, каде и да се.

## МАКЕДОНИЈА ДОБИЛА 85 ДОКТОРИ НА НАУКИ ВО 2006 ГОДИНА

Титулата доктор на науки во календарска 2006 година во Македонија ја стекнале 85 лица, додека со звање магистер на науки и специјалист се здобиле вкупно 203 лица.

Ова го соопшти Државниот завод за статистика, прецизирајќи дека најголем дел од нив, дури 32.9 проценти титулата доктор ја стекнале на факултетите од областа на општествените науки.

Следува областа на хуманистичките науки, каде што докторирале 24,7 проценти, а 11.8 проценти докторирале на факултетите од областа на медицинските науки. Останатите докторирале во областа на техничко-технолошките, природно-математичките и биотехничките науки.

Најголем број од магистерските трудови, 40.2 проценти, се од областа на општествените науки, 22.8 проценти се од областа на техничко-технолошките, а 22.3 проценти од областа на хуманистичките науки.

Учеството на жените магистри во вкупниот број на магистрирани лица кои стекнале научен степен магистер на науки во 2006 година изнесува 53.3 проценти, додека учеството на жените специјалисти изнесува 84.2 проценти.

Тема

# СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ''



# АПОСТОЛИ НА

**Пишува: Владо Ѓорчев**

Светите браќа Кирил и Методиј биле родум од Солун, од угледни и богати родители, Лав и Марија. Постариот брат, Методиј, како офицер поминал десет години меѓу македонските Словени. Потоа се повлекол на планината Олимп и се предал на монашки животг. Овде подоцна му се придружил и Кирил (Константин Филозоф). Кирил и Методиј, познати како солунските браќа просветители, имаат голема улога во македонската и општо во словенската историја. Нивното дело ги описмени словенските народи.

Во почетокот на деветтиот век веќе била подготвена солидна основа за поширока и поорганизирана мисионерска активност во Македонија. Во тоа време Византиската Империја доживува нов расцут на културен план, па овој бран ги заплиснува и градовите што биле оддалечени од Цариград, особено Солун. Во првите децении на деветтиот век во Солун живее

# - ПРОСВЕТИТЕЛИ




# СЛОВЕНИТЕ

*„Ако ги запрашаш грчките писатели, зборувајќи: -Кој ви ги создал буквите, или ви ги правел книгите , или во кое време? - ретко од нив тоа го знаат. Но ако ги запрашаш словенските писатели, зборувајќи:-кој ви ја создал азбуката и ви ги превел книгите? -сите знаат и ќе одговорат: -свети Константин филозоф, наречен Кирил, тој ни ја создаде азбуката и ни ги преведе книгите и брат му Методија*

**Црноризец Храбар**

# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”




**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” е формиран во 1949 година со три факултети, денес тој претставува заедница на 23 факултети, 10 научни институти и други институции.**

**Сликата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, конкретно, може да се претстави низ следниве бројки: во наставно-образовниот процес на сите факултети се вклучени над 36 000 студенти од Република Македонија, како и повеќе од 700 странски студенти; над 2 300 наставно-научни и соработнички кадри учествуваат во изведувањето на наставно-образовниот и научниот процес на факултетите и над 300 научни и научно-помошни кадри на институтите.**

**Во досегашниот развој на Универзитетот се создадени над 100 000 високостручни кадри, околу 5 000 магистри и над 2 000 доктори на науки од сите наставно-научни области.**

**Во вкупната дејност на Универзитетот посебен белег имаат спортските, уметничките, информативните, рекреативните и други активности организирани во разни друштва, сојузи, клубови и слично.**

и семејството на висок службеник на царската власт, помошник на византискиот стратег на Солун и солунската област. Тоа бил Лав со својата сопруга Марија. Нивната народност е нејасна. Семејството имало повеќе деца, но се спомнуваат само имињата на најстариот - Методиј и најмалиот Константин. Дури не се спомнува и световното име на Методиј, кој ова име го добил при замонашувањето.

Побожните родители ги упатиле своите рожби уште од најраното детство во христијанството, трудејќи се да им помогнат да ги применуваат возвишените христијански вистини во својот живот. Костантин уште од својата младост се занимавал со списите на свети Григориј Назијанзин и на Дионисиј Аеропагитски. Татко му го испратил во Цариград да го продолжи своето образование во императорското Магнаурско училиште, каде, освен богословските науки, се изучувале и граматика, аритметика, географија, астрономија, музика, поезија, реторика. Покрај овие науки, Константин учел и јазици - латински, еврејски и сириски. Откако го завршил своето високо образование, бил назначен за библиотекар при црквата Света Софија, а потоа бил поставен за професор по философија во училиштето што го завршил. Тогаш го добил и името Константин Филозоф.

Како високо образовани и талентирани личности на Кирил и Методиј ќе им бидат доделувани многу тешки и одговорни задачи од страна на византискиот двор. Најпрвин биле испратени во мисија кај Сарацените (Арапите) во Багдад, која како и Хазарската и Моравската мисија претставувале дел од политичката програма на Византија, чија основна цел била да ги христијанизираат Сарацените, Хазарите, моравските Словени, Бугарите, Русите и другите народи на исток и север од Византија и да им ја наметнат византиската црковна власт. Кога хазарскиот цар Каган побарал од царот Михаил проповедници на верата на Исус Христос, тогаш на заповед на царот биле пронајдени овие двајца браќа и биле испратени меѓу Хазарите. Откако го увериле Каган во верата Христова, тие го крстиле овој цар и голем број негови доглавници и уште помногуброен народ. По извесно време се вратиле во Цариград, каде што ја составиле словенската азбука од триесет и осум букви и почнале да ги преведуваат црковните книги од грчки на словенски.

На барање на царот Ростислав отишле во Моравија и таму ја распространиле и утврдиле православната вера, па ги умножиле книгите и им ги дале на свештениците за да ја подучуваат младината. А подоцна на барање на папата заминале за Рим, каде што Кирил се разболел и умрел, на 14 февруари 869 година. Тогаш Методиј се вратил во Моравија и до смртта се потрудил на утврдувањето на Христовата вера меѓу Словените. По неговата смрт - а тој се упокои во Господа на 6 април 885 година - неговите ученици Петочисленици, на чело со свети Климент Охридски како епископ, го преминале Дунав и се спуштиле на југ во Македонија, каде што од Охрид продолжиле да работат меѓу Словените на истото дело што го започнале Методиј и Кирил на север.

Што се однесува до Методиј, постојат мошне оскудни извори, според кои тој се здобил со световно образование и се посветил на државната и воена служба. Бил надарен со христијански добродетелен живот и државнички и воени способности. Подолго време управувал со Брегалничката област и придонесол христијанството длабоко да се всади во македонската душа во тој дел на Македонија. За овој успех бил особено заслужен и неговиот брат Константин.

## Мисионерско дело

Мисионерската дејност на светите браќа меѓу Македонците, посебно возобновувањето и применувањето на македонската азбука е забележано во Житиeто на свети Наум. Ова му претходело на преведувањето на светите книги на јазикот на Македонците од солунско и на мисионерското дело меѓу западните Словени во Моравија.

Извесно време пред својата мисионерска дејност, светите браќа се повлекле во манастирот Полихрон на планината Олимп, каде всушност, конечно, се подготвиле за своето епохално мисионерско дело.

Манастирското осамување го прекинале двапати кога биле испраќани од византиската власт од цариградскиот патријарх во мисии меѓу Сарацените и Хазарите. Овие мисии ги извршиле со голем успех. Во краткото Житие на Константин-Кирил, напишано од неговиот ученик Климент Охридски, се зборува дека Кирил открил пред хазарскиот цар Каган дека не потекнувал од византиски род, но дека дедо му бил од „хранените луѓе на туѓ „цар", но побегнал во Византија.

Ростислав, кнезот на Велика Моравија, испратил молба до византискиот император Михаил Трети овој да им испрати епископ и учител, кој ќе им ја објасни на нивни јазик вистинската христијанска вера. Изборот паднал на светите браќа. Тие биле речиси подготвени и за оваа мисија, зашто голем број од светите книги веќе ги превеле на македонски јазик, кој јазик бил разбирлив и за сите Словени. Тие веќе мисионерствувале во брегалничката област и во некои други области низ Македонија, на четвртиот по ред библиски, македонски јазик. Тие избрале достојни ученици и помошници и тргнале во Моравија. Таму биле пречекани со голема радост и со големи почести. Набргу потоа отвориле училиште, во кое ги подготвувале идните свештенослужители и учители за западните словенски народи. Тука наишле на голем отпор од германски свештеници: и биле обвинувани за ерес. Биле принудени да појдат во Рим и да го докажат своето правоверие. Во Рим биле примени со големи почести од папата Адријан Втори. Тој ги одобрил македонско-словенските богослужбени книги и наредил да бидат поставени во олтарот на црквата Санта Марија Маџоре и во три римски цркви да се вршат богослужби на македонски јазик. Кирил во Рим тешко се разболел и починал на 14 февруари 869 година. Епохалното мисионерско дело меѓу западните Словени, Методиј го продолжува сам со помош на своите ученици, кои во Рим биле ракоположени во свештенички чин. Непријателството од германските свештеници не престанувало. Истоштен од напори и измачувања, свети Методиј почина во Нитра, 885 година. Неговите ученици биле подложени на измачувања и прогони. Некои од нив биле распродадени како робови.

Делото на светите браќа по смртта на свети Методиј паднало во голема криза, но благодарение на нивните најнадарени ученици - свети Климент и свети Наум, охридските светители и чудотворци, учители и просветители, ползувајќи се со својот мисионерски метод, што имал за цел да им ја објави божјата вистина на новите народи, почнувајќи ја нивната културна самобитност, останало жив образец за Светата Црква и за мисионерите на сите времиња.

Светите браќа Кирил и Методиј успеале како Македонци да станат апостоли на Словените. Тие сакале да му служат на доброто на сите словенски народи и на единството на Универзалната црква. За овие и вакви свои заслуги, во своето апостолско послание „EGREGIAE VIRTULIS„, папата Јован Павле Втори на 31 декември, 1980 година ги прогласи за сопокровители на Европа, чиј покровител е свети Бенедикт, прогласен од папата Павле Четврти на 26 октомври, 1964 година.




## НАЈСТАРОТО УЧИЛИШТЕ ВО ЗЕМЈАВА

Запишувајќи ја далечната 1857 година како година на раѓањето на една успешна приказна во светот на образованието, најстарото училиште во земјава, велешкото училиште „Св. Кирил и Методиј", ја има привилегијата, од корените на минатото да изгради темели на иднината.

Записите на учителот Христо Рочков, кој учителствувал во втората половина на 19 век, корените на училиштето ги чуваат уште поодамна, во периодот помеѓу 1740 и 1750 година, кога училиштето е основано под името „Св Атанас", за подоцна да се преименува во „Св. Кирил и Методиј". Вистинската приказна за создавањето на денешната училишна зграда, која фасцинира со специфичната архитектура, е поврзана со духот на Велес во 19 век, дух на преродбата и напредокот. Низ неговите клупи поминале големите дејци Кочо Рацин, Петре Прличко, Васил Главинов, Панко Брашнаров, Гемиџиите и други.

Денешната училишна зграда која плени со својата архитектура е изградена во 1925 година, на местото на старата училишна зграда која изгорела до темел. Во 1944 година во училиштето првпат се воведува настава на македонски јазик. Првата директорка на училиштето во слободна Македонија била Галаба Петрова. Во 1976 година зградата на училиштето првпат е реконструирана и доградена заедно со спортската сала. Овој фасцинантен објект кој неретко ги привлекува погледите на посетителите денес може да собере и до 1000 ученици.

Враќањето на изворното име „Св. Кирил и Методиј" во почетокот на учебната 2005/ 2006 година уште повеќе ја нагласи посветеноста на сите вработени во училиштето кон развој на современ образовен процес врз основа на темелите на минатото.

# ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНИОТ



**„Почитувани! Јас најпрво би сакал да потенцирам дека преку овој текст не сакам никому да му се наметнам, туку, ако ми биде дозволено, би сакал да се вклучам во расправата, целосно почитувајќи го туѓото мислење, па колку и да е спротивно на моето. Накусо би сакал да се задржам на оваа тема, која, преку медиумите, по којзнае кој пат, се поставува на увид на македонската јавност.**

Во основа, целиот текст го анализира прашањето за секуларниот карактер на државата, ставајќи акцент на тоа дека во последно време на МПЦ и' се остава голем простор во медиумите и дека со усвојувањето на новиот Закон за државни празници, со проектот наречен „Веронаука“ и со денационализацијата на одземениот црковен имот, всушност, се доведува во прашање токму секуларноста, која сите знаеме дека е декларативен принцип на секоја политика од осамостојувањето на Македонија, па се' до денеска. Прво, треба да расчистиме за каква секуларност зборуваме и каква секуларност посакуваме и браниме? Дали секуларноста подразбира целосна маргинализација на верските заедници и забрана за изразување на верските чувства на поединецот? Факт е дека ние-Македонците порано живеевме во едно секуларно општество, кое од повеќе причини доживеа историски колапс и тотален неуспех во практичниот живот.

Секуларизацијата која забранува слобода и јавен живот на верските заедници и денеска постои, но единствено во тоталитарните општества како што се Северна Кореја или Куба. Таму, спроведувајќи го целосно секуларниот принцип, религиозноста е затворена во депоата на приватноста. За разлика од овие општества, во демократските европски држави никаде не е нарушена секуларноста со тоа што националниот телевизиски сервис, на пример, ќе прикажува настани од религиозниот живот на верските заедници. Во Европа, речиси и да не постои држава каде што веронауката не е влезена во образовниот систем на државата. Директниот пренос на православната литургија на Македонската телевизија не може да ја загрози секуларноста на државата, туку, напротив, може единствено да помогне во изградбата на подобра и поцврста демократија, зашто носител на демократските вредности не е само законот туку и благородноста и духовноста на секој поединец, кој, се разбира, претставува основна клетка на општеството. Од друга страна, се прашуваме ли што е тоа кое како храна најмногу ни се нуди на македонскиот медиумски простор? Како може безбројните и безлични ток-шоу емисии и оние на хороскопчиите и бајачите кои не ретко се составен дел и од образовните емисии, да бидат покорисни за секуларната македонска демократија од преносот на богослужбите, чиј основен и составен дел е евангелската и апостолската проповед. Дали прекрасното пеење на црковниот хор во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ некого можеби ќе го расипе на морален и духовен план или, пак, можеме да заклучиме дека ова единствено може да ја облагороди и надгради човековата личност. Не смееме да заборавиме дека националната култура на македонскиот човек во голема мера е изградена токму од црковните луѓе и ние како македонско општество, колку и да сакаме, не можеме да изградиме „чиста“ секуларна држава, зашто коренот на нашето национално битие се

## МИТРОПОЛИТ ПОВАРДАРСКИ Г. АГАТАНГЕЛ

# ВЕРБАТА ВО БОГА Е НАД СЕКУЛАРНОСТА



содржи во религиозноста, односно се темели врз база на православното христијанство.

Јас, не би се согласил со тоа дека МПЦ бара од државата да се вклучи во спорот што го имаме со СПЦ, туку овде државата самата би требало повеќе да се ангажира, зашто се оспорува прашање од национален интерес. Политиката на нашите соседи, преку своите национални цркви, се обидува да победи во спорот околу името, а тоа, се разбира, е веќе државно прашање и не смее во никој случај да се релативизира или потценува. Враќањето на денационализираниот имот во ниеден случај не е услуга што ни ја прави државата, туку тоа е прашање од доменот на правдата и праведноста.

Празнувањето на денот на светите Браќа Кирил и Методиј или на денот на свети Климент, на пример, не можат и не смеат да се прогласат за опасни во однос на политичкиот систем на Македонија кога овие наши луѓе, со својата бесценета работа, ја задолжиле целата европска и светска култура и цивилизација. Зошто да бидат спорни деновите како што се Божик, Велигден, Велипеток, или Водици, кога овие празници понекогаш се единствената прилика за да се видиме со семејството, што, погледнато од социјален аспект, е бескрајно корисно, па дури и пожелно. Зошто да биде спорен празникот Задушница, кога насекаде во цивилизираниот свет постои ден кога целото општество добива можност да појде на гробишта и да им ја оддаде должната почит на неговите починати роднини и пријатели. Ако направиме една анкета, ќе видиме дека голем дел од македонското население ретко ги посетува гробиштата и поради недостаток на време и поради сопствена декултурализација. Токму заради тоа и не треба да се прашуваме зошто нашите гробишта се наоѓаат во запуштена состојба, а во другиот свет се места каде што луѓето ги прават и своите прошетки. Секој гроб е еден вид мал споменик, зашто во него лежи положена една цела историја на еден живот, пред кој би требало барем еднаш во годината да се поклониме.

Што се однесува до прашањето за веронауката, прво, не можеме да се согласиме со констатацијата дека воведувањето веронаука во училиштата ќе доведе до поделба по верска основа на децата и родителите, зашто поделбите не се принцип на религиозното учење, туку негов основен интерес е токму разбирањето, толеранцијата, љубовта и почитувањето на различниот од себе. Религиозноста во основа го учи човекот да се запознае самиот себеси, па преку тоа, откако добро ќе се проучи и утврди, подобро ќе го разбере и другиот, кој е културолошки поинаков. Зарем не сте забележале дека поделбите кај нас настануваат не од религиозни или културни причини, туку најмногу од завист и себељубие, што ќе рече, поради тоа што некој претходно не се изградил на духовен и морален план. Второ, не можеме да се согласиме и со тоа дека проектот „Веронаука“ во 2002 година доживеал тотален колапс. Тоа се само пристрасни и априорни тврдења без никаква реална основа. Статистиката покажува дека процентот на посетеност на оваа настава во Брегалничката епархија (кога јас бев брегалнички владика) се движеше од околу 70 отсто во градските средини до околу 95 отсто во селските. Ако овие бројки и показатели некому му се доказ за „тотален колапс“, тогаш тој навистина има проблем со реалноста. Не знам зошто повторно се шири веронаукофобија, кога таа единствено ќе му помогне на човекот да ги облагороди и правилно да ги канализира сопствените дарби и квалитети. Едно треба да запомнеме во овој поглед: човекот не смееме да го претвориме само во фолдер кој собира информации, туку е потребно да се знае наученото правилно и да се употреби. Во историјата на човештвото мнозина биле начитани и големи мудреци, но сепак останале докрај подли и злобни, со што неповратно, со своите постапки, го осакатиле човештвото. Да не бидам погрешно разбран, јас не тврдам дека со воведувањето веронаука во образовниот систем на државата ќе се решат, од морален аспект, сите проблеми што ги имаме ние, но сум сигурен дека ќе направиме голем грев и пред себе и пред Бога, но и пред нашите деца, ако барем не се обидеме нешто да поправиме на подобро во нашето општество. Ние, веронауката ја нудиме на државата не заради сопствена забава или сатисфакција, туку заради тоа што мислиме дека, од аспект на моралноста, имаме што да понудиме и да му помогнеме на сопственото општество, повикувајќи се на сопствениот историски бекграунд, на големиот и длабок трезор на мудроста, возвишеноста и убавината кои се составен дел од Библијата, од личноста Христова, и од делата на светите оци. Со почит!

+389

## СЈАЈОТ И БЕДАТА НА АМЕРИКА (1)

# СОНУВААТ ЗА АМЕРИКА,

**„Пред 28 години кога прв пат како незавршен студент ја видов Америка и цели 6 месеци се обидував да се најдам себеси во таа ветена земја, одлучив да се вратам назад, со ветување во себе дека доколку ми се пружи прилика повторно ќе се вратам. Но само за шетање**

**Пишува:**
**Менде Младеновски**

Америка била и останува сон на многу луѓе, особено на младите, коишто разочарани од својата бесперспектива, својата животна перспектива единствено ја гледаат доколку заминат преку ˝барата˝.

Како да се стигне до ветената земја Америка е прашање коешто најчесто и најмногу ги преокупира не само младите откај нас, туку од целиот свет. Популарната ˝Лотарија на Америка˝ за влез во оваа ветена земја стана најпопуларната и најчестата игра на милиони млади луѓе.

На сајтот за ˝нон емигрант˝ виза секојдневно ˝сурфаат˝ огромен број млади коишто разочарани од актуелната сегашност својата иднина, единствено, ја гледаат доколку ја преминат ˝барата˝, а пред зградата на американската амбасада во Скопје десетици и десетици наши сограгани секојдневно си ја пробуваат среќата да добијат туристичка виза, обидувајќи се на секој начин да ги убедат конзуларните работници дека немаат намера да работат во Америка туку само накратко да прошетаат.

Ни во целосно компјутеризиранаата Америка не може да се добие точен податок колку луѓе од светот бараат американска виза. Уште помалку јавноста може да знае колку емигрант-туристи од целиот свет дневно престојуваат во САД. Меѓу бројните (не)среќници коишто својата среќа ја бараат во Америка секако дека спаѓаат и Македонците од Македонија. Ги има од секаде: Битола, Прилеп, Охрид, Скопје, Тетово, Струмица.



# КОПНЕАТ ЗА М

И сите тие поаѓаат и доаѓаат во САД со единствена желба да ја пробаат својата среќа во оваа ветена земја. Бидејќи добивањето неемигрантска виза за САД во Скопје тешко се добива во последно време, ми вели мојот пријател од Кавадрци Аце, многу млади Македонци коишто студираат во Бугарија вадат визи од Бугарија и заминуваат за Америка.

За разлика од многумина од нив јас ја имав таа можност во неколку наврати да престојувам во САД. Оттаму во оваа земја како што во шега ми рече еден од моите стари пријатели од Струмица, мене тие таму ме чувствуваат како нивен Американец, а јас пак наполно сум соживеан со нив и нивната животна судбина. Иако поводите за моето патување во САД секогаш не биле исти впечатоците и заклучоците што ги носам оттаму како по правило никогаш не биле различни. Тие како да се повторуваат.

Тежок и многу горчлив е печалбарскиот живот. Тоа го знаев, пред прв пат да патувам за САД во далечната 1977 година, од печалбарските песни на Ристо Крле. Пред 28 години кога прв пат како незавршен студент ја видов Америка и цели 6 месеци се обидував да се најдам себеси во таа ветена земја, одлучив да се вратам назад, со ветување во себе дека доколку ми се пружи прилика повторно ќе се вратам. Но само за шетање.

И по неколку пати идења и одења во Америка мојата приказна за таа земја многу не се измени.

Не се изменија многу ни луѓето што таму ги најдов пред точно 28 години, кога прв пат престојував во САД и сега кога повторно ги оставив.

Тие се исти. Носталгични и јадосани. Единствено што сега се менува тоа е Америка. Америка не е таа што беше и што ја знаев пред дваесет, петнаесет или десетина години. Сега, а посебно по 11 септември 2001 година таа наполно е променета. Животот во Америка сега се мери пред и по 11 септември 2001 година. Тоа ќе ви го речат сите што живеат во САД. Тоа, доколку ви се пружи прилика да ја посетите оваа земја ке го видите на секој чекор.

Уште пред да полетате за аеродромот "Кенеди" од некој европски аеродром Иако доста слушав за тоа, сепак, не верував дека стравот од "терористи" може да биде толкав, а контролата толку опсежна и детална.

Уште пред да стапнете во авионот што ќе ве однесе до таа толку посакувана земја ,Америка, и додека чекате во редицата за контрола на патниците којзнае колку пати ќе се запрашате дали е можно тоа. За да влезете во авионот морате да се "соблечете", буквално, до гола кожа. Доста смешно, но и доста трагикомично изгледаат сликите кога додека чекате да дојдете на ред тие пред вас се соблекуваат за да ја поминат контролата. Кога ми говореа не верував, но се уверив дека за да влезете во авионот морате да ги соблечете и чевлите, да го соблечете палтото, да го извадите и ременот и така "расоблечен" откако ќе "ве поминат" со детекторот ќе морате да одите и на детално рачно прегледување.

Тоа што неподносливиот мирис на чорапите се меша со прекрасните парфеми " Гучи ен ви " "Долче кабана", "Хуго Бос", не ги загрижува аеродромските работници. Нив многу не им е проблем и што откако им стана нешто сомнително неколку минути мораа да ги прегледуваат моите напукнати чевли додека јас и неколкумина како мене така голи, по чорапи чекавме да ни ги вратат чевлите.

Тој што е за Америка мора да биде "скениран" до гола кожа. Не смее да помине ни пиле. Кога ќе стигнете на во САД на аеродромот "Кенеди" ве чекаат нови изненадувања. А за изненадувањата во Америка по 11 септември и нејзината "транзиција " во наредните броеви.



# МАКЕДОНИЈА!

Камин

# ЦЕНТАР ЗА ТУРИЗАМ



Пишува: Киро Кипроски

Во долнореканското село Јанче, што се наоѓа на југозападните падини на планината Бистра, под Галичник, на левата страна на реката Радика, на регионалниот пат Маврови Анови - Дебар, од есеноска се чувствува невообичаена раздвиженост. Сончевото и топло време, високите температури и зимата без снег, овозможија градежната сезона да се одвива без застој. Како да немаше зима. А, и кога ја има во Јанче е ,,блага˝ бидејќи тука е присутна медитеранска клима. При нашиот престој таму слушнавме дека ако во Солун врне снег , врне и во Јанче! Целта на нашата посета беше зафатот што го реализира Тефик Тефиковски, печалбар на ова село, кој врши реконструкцијата на четири стари куќи, без да врши измена на автентичната селска архитектура типична за куќите во Мијачијата.

Како деветнаесетгодишното момче Тефик, во 1989 година заминува на печалба како градежен работник во Берлин, Германија, а по три години продолжува да работи во Тревизо, Италија, каде ја основа првата македонска градежна фирма ˝Мак интаначи˝. Во последните години во изградбата на куќите внесува сопствени еколошки производи: тули од земја и малтер од земја, со што се прославува и производите му се мошне барани. Во завршна фаза е постапката за патентирање на овие производи.

И покрај тоа што успешно работи и на градежниот пазар во Италија се има етаблирано, сепак Тефикоски одлучува да се врати дома , на дедовското огниште и да ја продолжи семејната традиција- угостителството. Неговиот дедо чие име го носи, долги години бил угостител во Александрија (Египет). Но, тој сака угостителството и туризмот да ги развива дома, а не на гурбет, далеку од своите.

-Носталгијата постојано ме прогонуваше. Немав мир.

Долго размислував кога ќе се вратам во родното место и со што да се занимавам, го започна искажувањето Тефик. Си велев, да изградам фабрика, да станам индустријалец. Оваа идеја веднаш ја отфрлив, бидејќи машините ќе ме сомелат мене, а ќе ги загади исконските убавини на целиот долнорекански регион! Одлучив да се занимавам со селски туризам. За оваа цел ја основав фирмата за туризам и угостителство ˝ТУТО˝ и почнав да ја реализирам. Купив четири напуштени куќи во село Јанче, нивните сопственици пред триесеттина години се иселиле. Дваесетина познати ѕидари од регионот ги вработив во фирмата и веќе неколку месеци им ја враќаат душата на куќите.

Надворешната архитектура останува автентична. Интервенциите се однесуваат на штетите што ги направило забот на времето. Се врши замена на покривната конструкција, поправка на



урнати ѕидови, оџаци, поставување на водоводна и канализациска инсталација, замена на дотраената електрична инсталација. Изградба на пристапни патеки, на потпорни ѕидови, уредување на дворните површини и сл. Во внатрешниот дел просториите ги преградувам и ги уредувам во апартмани со корисна површина меѓу 50 и 80 метри квадратни. Во долните простории ги оставам камините кои се во функција. Не го менувам ентериерот, ниту ,пак, мебелот и другите предмети. Исто така, изградив голема куќа со селска архитектура карактеристична за Мијачијата, која ќе има двојна намена. Во еден дел од куќата ќе живеам јас со семејството, а комерцијалниот дел кој располага со 15 апартмани, ресторанска сала, снекбар, вински подрум , кои се простираат на над 700 метри квадратни корисна површина, тераса и дворно место за одмор и рекрација, кои ќе ги користат туристите.

Странците сакаат да седат на троножни столчиња, оброкот да им се сервира во садови од глина, приборот за јадење да биде направен од дрво, храната да се приготвува во садови од глина и да им се постави на традиционална софра. Така ќе биде во моите куќи и ресторан, ни објас-

## ДОЛНОРЕКАНСКОТО СЕЛО ЈАНЧЕ

# СЕЛСКИ





нува Тефиковски .Се ќе биде автентично и исконско што е белег на цивилизацијата на народот кој со векови живеел на овие простори. Храната ќе ја подготвуваме во тави кои ќе ги печеме во фурна, во грне ќе се приготвува вариво кое ќе се вари на огон од дрва во каминот, а ќе служиме, исклучително, специјалитети од регионот: Качамак и пита со овчо кисело млеко, овчо сирење, урда, цедено млеко, галички кашкавал, гравче варено во грне, јагне и јаре печени на ражен или во фурна, леб печен под сач, радичка пастрмка подготвена на селски начин и сл.

Тефик е првиот човек во овој регион што ќе се занимава со селски туризам. Сака Јанче и западниот дел на Македонија да им ги доближи на вљубениците на природните убавини од Европа. Тука ќе доаѓаат туристи од цела Европа и светот.

Според концепцијата и програмата што ја подготвува Тефик за групните посети на Јанче, предвидува секојдневни тури. Гостите постојано ќе бидат активни во пешачење низ планинските беспаќа за да ги посетат и да престојуваат во мијачките села Галичник, Лазарополе, Тресонче, Гари...во долнореканските села Ростуше, Битуше, Требиште, посета на водопадот Дуф, на езерото Локув, на планината Крчин, на древното македонско духовно светилиште Св. Јован Бигорски, искачување на највисокиот врв во државата Голем Кораб , на скијачките терени на Бистра и др. За да биде се автентично и традиционално, гостите ќе имаат на располагање и ергела на коњи и магариња, а честопати во природа, покрај реката Радика, на планините Бистра, Кораб, Крчин, Дешат, Стогово... ќе бидат организирани пикници. Исто така, на љубителите на ловот и риболовот ќе им бидат обезбедени потребните дозволи и ќе им биде организиран лов и риболов.

За реализација на овој зафат Тефик досега има вложено над 300.000 евра. Поголемиот дел од планираните активности се во завршна фаза. За два месеца треба да се заокружат и од средината на јули да почне да ги прима првите гости кои ќе ги сместува во удобни апартмани и во соби.

На Тефик ќе му се исполни и најголемата желба. Општина Ростуше му ја додели на користење зградата на некогашното училиште во селото, која околу 40-тина години е затворена и пропаѓа. Тефик ќе ја адаптира и ќе ја пренамени во музеј . Како што ни рече има богата збирка на уникатни предмети од античкиот период, како и предмети карактеристични за жителите на Јанче, Мијачкиот и Долнореканскиот регион. Сета своја колекција ќе ја изложи во музејот, која ќе се надополнува и на гостите ќе им се прикаже развојот на крајот и на цивилизацијата на народот од овие простори. Во посебна просторија ќе бидат изложени домашни ракотворби кои ќе се продаваат, како и производи од шумски плодови, млечни производи и слично.

Задоволен е од она што го има направено за една година, откако започнал да ја реализира идејата. Летово кога во Јанче ќе дојдат првите групи на туристи, тогаш, како што ни вели Тефик ќе му се наполни душата и ќе му се оствари сонот. А, вработените во фирмата ќе сторат се гостите да бидат задоволни и повторно да се вратат за да уживаат во исконските и неповторливи убавини, од традиционалната храна и од постојаните прошетки.

Надеж дека идејата ќе му успее е и фактот што неговите пријатели Италијанци кои дошле во Јанче се пријатно изненадени и имаат желба постојано да минуваат дел од одморот во овој регион. Неговиот пријател Роберто Менагони од Тревизо, веќе купил куќа во Јанче и ја приспособува за живеење, а интерес имаат уште десетина Италијанци.

Реализацијата на проектот Јанче да стане центар за селски туризам ја поздравуваат сите од регионот и многумина сакаат да се вклучат во збогатувањето на туристичката понуда. Многу жители на Долна Река ќе изработуваат домашни ракотворби и традиционални јадења. Жители од мијачките села Лазарополе, Гари и Галичник на Тефик му понудиле да му ги преотстапат нивните куќи и во нив да престојуваат гости. Понудата Тефик ја прифати и во наредниве месеци заедно со сопствениците ќе ги започне активностите на реконструкција на куќите. Овие се почетоци и како што ни вели нашиот соговорник, за краток временски период во регионот ќе има врвулица на странски и домашни туристи кои ќе уживаат во природните убавини и реткости, а душата ќе ја наслaдуваат со здрава храна подготвувана на традиционален начин.



## ГАРДА

На сите свечености по повод прославување на денови на македонското минато, потсетување на историски настани и на меѓудржавни средби, според протоколот присуството македонската гарда претставува посебен декор. Традиционалните „комитски” униформи се постојана убава глетка.



## КРШТЕВКА

Крштевката во водите ... традиција која е се помас... ската православна црква г... на традиционалниот ритуа...



## РОЛЕРИЈАДА

Младите скопјани брзо ги прифакаат новитетите кога се во прашање активности во природа. На кејот на реката Вардар во центарот на градот пред неколку години е изградена патека за ролерки, велосипеди. Тој дел од паркот стана вистински рекреативен центар. Ролерките станаа имиџ на младите скопјани, а колку приврзници има кои ги обожаваат ролерките покажа и Ролеријадата на која се појавија близу илјада натпреварувачи во повеќе категории.



е на реката Треска станува убава
овна. Претставниците на Македон-
и прифакаат сите чеда и низ стилот
л минуваат луге од сите генерации.





## ЧЕСТВУВАЊЕ

По повод 104 годишнината од загинувањето на големиот македонски деец Гоце Делчев во храмот Свети Спас во Скопје се одржа панихида на која присуствуваа голем број пртестаавници од општествено политичкиот живот во Републиката, делегации на бројни здружењнија на граѓани како и претставници на Македонската православна црква. Архиепископот македонско охридски г.г.. Стефан ја запали првата свека воспоменувајќи го македонскиот херој, чествувајќи ја неговата борба за самостојна и слободна Македонија.




## ГО ЧЕКА ПЕКИНГ

Најуспешниот македонски боксер Вели Мумин со освоениот медал на последното европското првенство и петтото место во светот со право беше прогласен за најдобар спортист на Македонија. Сега младиот македонски боксер се посготвува за квалификациите за обезбедување место на Олимпијадата во Пекинг. Игрите во Атина му избегаа за малку, но затоа сега поискусен и подготвен тој ќе ја почне битката за место на олимпискиот боксерски турнир.



## МЕХАНЧИСКИ КОЛЕКЦИОНЕР

Малкумина знаат дека познатиот македонски бизнисмен Благоја Механчиски-попознат како Зегин е голем колекционер на антиквитити. Тој е еден од најголемите колекционери на Балканот на стари вредни реликвии. „Аптекарот“ има вредна богата колекција од пред Првата и Втората светска војна, што се наога во неговиот деловен простор.. Во неговата голема збирка од илјадници ексапонати меѓу кои доминираат оние од Илинденското востание.

## МАТУРАНТИТЕ ТАНЦУВАА

Матурантите од Македонија на 18 мај беа дел од парадата на која истовремено во повеќе европски градови танцуваа матурантите за нов Гинисов рекорд.

Гимназијалците од десетина средни училишта од Скопје и Охрид, заедно со матурантите во повеќе градови во Словенија, Унгарија, Австрија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора се обидоа да ја надминат бројката од 23 628 танчарки и танчари, учесници на ланската парада.

Младите го заиграа танцот квадрил на Штраусовата опера „Лилјакот“, истовремено со илјадници средношколци низ Европа.



# ГЕОРГИ ТОМОВ - ЖИВА ЛЕГЕНДА

Георги Томов е жива легенда на македонскиот фолклор, на македонските ора и песни. Во Њујорк го формира познатиот ансамбл за ора и песни „Томов“ кој претставува промотор на македонската култура во Соединетите Американски Држави.

Во Домот на АРМ на 17 мај 2007 година беше промовирана монографијата за животот на Георги Томов, за ансамблот „Томов“, за Томов низ медиумите и дел од признанијата за 50 годишното активно творештво од Славе Николовски Катин, во издание на книгоиздателство „Македонска искра“ од Скопје и со помош на Архивот на Република Македонија. Рецензенти на монографијата се проф.д-р Вера Стојчевска Антиќ и д-р Кристина Калас.



Пред бројни гости и пријатели, Монографијата за Георги Томов ја промовираа проф.д-р Вера Стојчевска Антиќ и проф.д-р Димитар Ќерамитчиев, поранешен претседател на Матицата на иселениците од Македонија, а пред промоцијата КУД „Танец“ го изведе антологиското македонско оро „Тешкото“ што остави силен впечаток кај сите присутни.



# ГАНЕ ТОДОРОВСКИ КНИГИТЕ СПАС ЗА МАКЕДОНИЈА

Во Скопје, во просториите на МАНУ во присуство на бројни истакнати личности од македонскиот политички живот и култура беше промовирани творештвото на истакнатиот македонски поет, публицист и академик Гане Тодоровски. Десеттомната едиција на избрани дела претставува препејувачки опус во севкупната историја на македонскиот препев. Промотори на изданието на Матица Македонска, беа академик Луан Старова, проф.др Веле Смилевски, пистелот Ефтим Клетников и Раде Силјан

# СОРАБОТКА

Македонците од Егејскиот дел на Македонија својата афирмација и борба за човековите права во иднина ќе ја водат обединети во Матицата на иселениците на Македонија. За идните дејствувања се разговараше на средбата на која присуствуваа (од лево) Ангел Балкански, Методија Тошевски (претседател на националната конференција на Македонците од Егејскиот дел на Македонија) и Димитар Димитров со претседателот на МИМ Иван Џо Петрески



# ИГОР ЏАМБАЗОВ

# РОЛЈА ОД АМА

Пишува: Борче ГРОЗДАНОВ

**Што беше мотивот да му се вратите на театарот?**

- Многу работи сум ветил во животот, и се трудев да ги исполнам, но многу од нив ми ˝избегаа˝ од раце. Годинава решив да реализирам барем едно од нив - она што му го дадов на дедо ми, пред 10 години, на неговиот погреб - дека ќе го одиграм Јеротие. Имав прекрасен мотив за тоа - премиерата беше на 13 март, стогодишнината од неговото раѓање. Факт е дека тој ме врати в театар.

**Затоа ли го ˝видовме˝ и Прличко во претставата?**

- Половина од денешнава екипа го нема гледано Прличко в театар. Ние не правиме римејк, правиме претстава која ќе биде денешна. Во нашето „Сомнително лице˝ има мобилни телефони, компјутери, интернет... Сепак, претставата е омаж на Прличко. Во негова чест, од ликот на Јеротие оставам 2-3 „цаки˝ што потсетуваат на него.

**Сменето ли е Вашето мислење за театарот...?**

- Не. Без навреда. Но, работите во театарот не се менуваат само со луѓето и новите идеи. На театарот му се потребни нови лавабоа, казанчиња, нов светлосен парк, теписони, магнетофони... Од ова што го видов, изгледа дека се е останато исто. Сега сум во фаза кога само го потврдувам тоа. Но, јас сум секогаш скриен оптимист. Мојата предност е што рано сум ги преболел „детските болести˝ во мојата професија. Знам што е измама, фол, „шмирглање˝, што е талент, што е неталент, кој е вишок, а кој недостига во театарот...

**Едно време изјавувавте дека никогаш повеќе нема да играте...?**

- Кога еден политичар за 10 години може да смени четири партии, не гледам ништо лошо во тоа еден актер за истото време да реши повторно да се врати на сцена.

**Можно ли е Ваше враќање во МНТ?**

- Мојот статус во МНТ е статус на гостин. Како што знаете, јас и Сашо Чамински бевме избркани од тој

**На сцената на Македонскиот народен театар, по неколкугодишно отсуство, во голем стил се врати Игор Џамбазов: толкувајќи ја главната улога во претставата ,,Сомнително лице˝ од Бранислав Нушиќ, а во режија на Синиша Евтимов. Како ,,Јеротие˝, Џамбазов ја потсети публиката дека театарот истовремено може да биде и префинета уметност и одлична забава, но секако, со огромната помош на харизмата од останатиот дел на актерската екипа, како Билјана Беличанец, Оливер Митковски, Ванчо Петрушевски, Никола Ристановски, Емил Рубен, Јелена Јованова, Нино Леви, Александар Микиќ и Јордан Симонов**



## „ФАЦА˝ ЗА МЛАДИТЕ РЕЖИСЕРИ

Станувам се поинтересен за младите режисери - студенти кои се заинтересирани за мојата фаца да влезе во нивните „филмчиња˝. Токму еден таков филм во Ротердам ја имаше својата премиера. Се работи за „Боли ли˝ на младата Анета Лешниковска и многу ми е жал што не можев да бидам таму поради обврските тука. Во таа урбана приказна играм актер - министер за култура, кој ги лаже луѓето дека ќе им даде пари за филм, но никако тоа да го оствари. Улогата е мала, но мислам дека успеав да ја направам впечатлива.

# АНЕТ!



## ТРИ КАТЕГОРИИ НА МАЖИ

Многу е интересно што ˝креаторите˝ на моите приказни, односно повеќето од нив, не заработиле со своите две раце ниту денар! Јас и се да сум потрошил, и да сум се задолжил, многу сум заработил со умот, телото и рацете...! Тоа што продолжуваат да зборуваат значи, дека не можат да останат рамнодушни кон мене. Тоа ме радува. Нормално е и да те сакаат, за жал, уште понормално е да те мразат. Ако не ме радува во целост, тогаш ме прави посилен. Секогаш ќе има 10 проценти од оние кои не го признаваат дури ни она што е евидентно. Интересно е што мажите зборуваат повеќе за мене. Јас пак, се придржувам кон еден Марфиев закон: има три вида мажи: прва категорија женети, втора категорија хомосексуалци, а трета категорија женети хомосексуалци.

театар...

**За тоа многу се зборуваше...**

- Имам најмалку дваесеттина сведоци кои можат да потврдат дека дури пет пати доаѓав по документите. Им велев дека ми е срам да не играм, а да земам плата. Дури го посочував и Оливер (Митковски - н.з.) да го примат на мое место. Но, секогаш завршуваше со дијалог на глуви.

**Дефинитивно, ќе биде само оваа претстава...?**

- Кој ќе го знае тоа. Во принцип луѓето се непостојани суштества, особено јас. Инаку, изморен сум за некому да докажувам нешто. Во моментот сум во некоја повластена ситуација која би требало да ми годи. Можеби и би можел да бирам улоги...

**Вие имавте една прекрасна монодрама - „Детски работи˝. Планирате ли да ја обновите?**

-Да, токму во МНТ е ставена на „дневен ред˝. Самиот автор, Рејмон Кус, истата монодрама ја играл и на 60 години. Значи, материјалот кој го имам е многу податлив за претставата да живее. Мислам дека многу би бил поинтересен сега кога со моите 106 килограми би играл дете.

**Игор пак, пие и се коцка. Точно ли е озборувањето?**

- Тие филмови завршија... Точно е дека целата приказна со рекетарите и гонењето заврши пред две години, од мојата повторна појава на Бингото, а тоа, како што знаете се уште трае. Значи, тука сум и не бегам. А за коцкањето... се додека располагам со мои пари, никого не треба да го интересира што правам во животот. Долгови немам! И не се коцкам! Точно е дека пијам. Тоа не е забрането со закон. Јас сум тип кој не пиеше точно седум години (од 1993 до 2000 год.). Кога некој друг од мојата фела (освен Благоја Чоревски) ќе направи толкава пауза, а претходно да пиел цел век, нека се јави. Јас пиев точно 10 години, од студентски денови до прекинот. Си играв топло-ладно со дробот, но не верувам дека научив како треба да пијам. Пиењето е филозофија. Јас не пијам за да се опијам, ниту за да размислувам поинаку, јас пијам затоа што се уште убаво се чувствувам додека пијам. Најбитно е што се уште немам направено глупост на сцена, иако, морам да признаам дека имам играно само две претстави. Не направив грешка, но сфатив дека нема пиење кога има претстава.

**Ретко Ве гледаме во ˝скопските шеми˝...**

- Што се однесува до моето скитање, признавам дека во последните три години, буквално, сум домашно суштество, многу ретко излегувам.

**Се гледате ли со Вашата поранешна сопруга Искра?**

- Што и да и се случува понатаму, во животот и посакувам многу среќа. Не се гледаме, но тоа сум и го порачал по многу луѓе. Искра која ја познавам е многу силна личност. Ме радува што нашето време постоеше и траеше многу повеќе од прогнозата на „душегрижниците˝ - цели 11 години. Жал ми е за оние кои не сакаа обајцата и „навиваа˝ за нас. Сега помалку или повеќе се разочарани, бидејќи разводот, дефинитивно, ќе се случи.

**Значи ли тоа дека ја преболевте?**

- Кога сте ме виделе јавно или по весници со некоја друга?!

**За многумина сте најдобар шоумен во Македонија, па и пошироко. Размислувате ли за отворање на некаква школа, давање часови...?**

Мислам дека нема многу што да се помогне. Тоа не се учи. Младите за тоа сега имаат попаметен начин. Тие (малку поамбициозните) располагаат со техника, па има и сателитски и кабелски канали на кои гледаат квалитетни водители по Европа, светот, па можеби и некој „краде˝ и од мене.

## ДИШИ ДЛАБОКО!

Пишувам повеќе блуз- поезија, го создавам новиот албум кој ќе се вика „Диши длабоко˝. Поракатa е дека во животот кога ти е најтешко има само една формула, на која ме научи еден пријател, а тоа е дека, кога многу ти е тешко, треба да најдеш едно широко поле, да ги растераш мислите и да вдишеш длабоко!

## НИ СЕКС, НИ ГРАД!

Седевме со колегата Сенко Велинов и дојдовме на идеја да направиме една серија која ќе се вика „Ни секс ни град˝. Можете да замислите сцена: пет-шест „мажишта˝ само седат, пијат ракија, делкаат салата, трачарат и немаат ни секс ни град. Може банално, ама многу интересно! Сега за сега сето тоа е само идеја, но верувам дека ќе се реализира.

# АЛЕКСАНДРА МИЈАЛКОВА, ПРИМАБАЛЕРИНА



# СОВРШЕНА

*Александра Мијалкова (1973 година, Скопје) основно и средно балетско образование завршува во МБУЦ Илија Николовски Луј во Скопје, во класата на балетскиот педагог Ѓурѓица Јовановска. Во 2006 година дипломира на Украинската Академија за танц - Киевски факултет за кореографија на меѓународниот Славјански Универзитет, отсек педагог - репетитор за класичен балет.*
*Од 1991 година е вработена во Македонската Опера и Балет како редовен член на балетскиот ансамбл. Презентирајќи го својот голем балетски потенцијал настапува во целокупниот балетски репертоар. Поради сите овие карактеристики во 1998 година постанува прима балерина. Како носител на солистичките улоги се истакнува во својата индивидуалност, сензибилност, комплетно исполнување на сцената и висока професионалност.*
*Учеството на интернационалните натпревари во Варна, Париз, Москва, Белград, Нови Сад, крунисано е со големи награди како златна плакета во Нови Сад и второ место на Југословенскиот балетски натпревар во Белград, се само уште еден доказ за квалитетите на Мијалкова како прима балерина.*
*Со ансамблот на Македонската Опера и Балет има остварено и многубројни гостувања надвор од границите на својата земја во: Србија, Црна Гора, Хрватска, Турција, Англија, Грција, Канада, Русија, Украина.*

**Пишува: Ѓурѓица Јовановска**

Пријатна и свечена уметничка вечер беше изведбата на „Шехерезада", првата премиера на Македонскиот балет во оваа сезона. Првиот дел од оваа вечер му припадна на оркестарот на МОБ, кој концертно и ангажирано изведе програма од балетската музичка ризница на П.И. Чајковски: Шпански танец од балетот „Лебедово езеро", Адаџо од балетот „Ана Каренина", каде што ја слушнавме убавата вдахновена изведба на Божидар Пејиќ (виолончело) и Суита од балетот „Оревокршачка". Оваа изведба на нашиот национален оркестар на МОБ беше суверено водена од диригентот Саша Николовски-Ѓумар. Во вториот дел беше изведено делото „Шехерезада" (балет во еден чин) од Н.Р. Корсаков, подготвено од екипа уметнички дејци, чии вкрстени мајсторски способности комплетираа дело на убаво уметничко ниво. На македонската балетска сцена „Шехерезада" првпат е поставена во 1953 година, во кореографија и режија на Александар Доброхотов, а изведена е од првата генерација на тукушто формираниот балетски ансамбл при МНТ. Сега ги видовме изведбите на ова дело, подготвени од одлична авторска екипа со денешните играчи на нашиот ансамбл. Така, балет-мајсторот Михаил Крапивин, гостин од Русија, ја пренесе и кореографијата на Михаил Фокин и ја сработи изведбата со нашите играчи добро и професионално, како и досега. Марија Ветероска наслика оригинална сценографија (според Леонид Бакст), додека Маја Бурсаќ, гостинка од Србија, исто така, според Леонид Бакст скрои раскошни и соодветни костими, кои беа голем придонес кон танцовата изведба во делото. Интерпретациите на играчите во делото, воопшто, беа на ниво во кое доминираше креацијата на прима-балерината Александра Мијалкова како Забеида. Оваа наша уметница со 15-годишно искуство зад себе, во кое оствари и состави голем број ролји во класичен, стилизиран и современ стил, постигна уште




## СТРЕМЕЖ КОН ИДЕАЛОТ!



„Балетот е уметност која се стреми кон идеалот, а ние постојано се стремиме да го достигнеме тој идеал, но тоа е неизводливо, зашто балетската уметност е премногу совршена. Како и во секоја светска балетска куќа, мислам дека е неопходно балетските претстави да бидат поддржани од оркестар, зашто така се гледа професионализмот на еден театар и се добива вистинско доживување на оваа уметност.Тоа е добро и за нас како уметници кога настапуваме на сцената, а истовремено и за публиката, која сака да ужива во прекрасна атмосфера. Мислам дека само така ќе се привлече вниманието на јавноста да биде заинтересирана многу повеќе за балетската уметност Балетот треба почесто да излегува надвор од матичната сцена и да оди во другите градови. Но, не смее да се заборави дека нам како на уметници ни требаат посебни услови за работа, што ги нема секој театар во земјава. Балетската кариера е куса и за да живее оваа уметност, мора да ги отвориме вратите за младите играчи.“- ќе рече, Александра Мијалкова.

едно интерпретативно совршенство. Во танцовото творештво на Мијалкова тешко се одлучува кое е нејзино врвно остварување, дали е тоа Китри во „Дон Кихот“, Црниот лебед од „Лебедово Езеро“ или Есмералда во балетското дело „Есмералда“, но лесно се заклучува дека нема што таа не може да изведе во своите танцови креации. Мијалкова ја толкуваше Забеида во „Шехерезада“ извонредно зрело и одговорно, со стилски ориентално обоена кореографија и суптилно изнијансиран духовен и танцов израз.Роман Малнеко, гостин од Русија, го толкуваше Златниот роб. Тој остави впечаток на сигурен играч, партнерски одговорен, кој многу класично ја изведе кореографијата, како стилски израз, наспроти бараното. Султанот Шахриjар сугестивно го донесе првенецот Горан Божинов.

### Доминантна Јулија

На големата просторна и раскошна сцена на МОБ минатата недела се одржа втората обнова на балетот „Ромео и Јулија“ од Сергеј Прокофјев во кореографија на Хазарос Сурмејан, балетски играч од Канада, поранешен член на Македонскиот балет, кој прв пат го постави ова дело на нашата сцена во 1987 година, а првата обнова се случи во 2000 година.

Втората обнова на овој балет ја подготвија Димитро Кљавин (Киев) и Тања Вуисиќ-Тодоровска. Димитро Кљавин и Тања Вујсиќ-Тодоровска успеаја да решат одредени пропусти од кореографски аспект и, заедно со репетиторите д-р Снежана Филиповска и Антон Баталаковски, да подготват и да ни понудат свежи и нови интерпретации. Овде, пред се, би ја истакнала интерпретацијата на нашата примабалерина Александра Мијалкова, која само неколку дена по успешното гостување во балетот „Жизел“ во Белград, првпат настапи како Јулија на скопската сцена. Оваа прекрасна доминантна креација на Мијалкова е резултат на нејзината уметничка зрелост и способност да ги реализира ролјите изразувајќи ги преку техничка стабилност на чистиот академски танц, лесен и пластичен „пас“ со се поголема концентрација во емотивното изразување на ликот, со што се истакна нејзината уметничка индивидуалност. Јулија на Мијалкова беше токму нејзин успешен индивидуален уметнички дострел, што публиката очигледно го бендиса, судејќи според долгиот аплауз.

Ромео и партнер на Александра Мијалкова беше гостинот Генадиј Жало, симпатичен играч од Киев, кој оваа ролја ја танцува и на матичната сцена и во која го видовме во напор за достигнување на уметничкото ниво на нашата примабалерина.

Како Парис, со се поголема сигурност во партнерскиот дел, настапи Драган Кочовски, Бенволио го толкуваше младиот и надежен Бобан Ковачевски, кој успешно се справи и со техничката кореографска изведба.

Меркуцио во изведба на Киро Павлов, кој веќе го толкуваше овој лик на допадлив и шармантен веселник, беше темпераментно и музикално носен лик, иако недостигот од кондиција како да му попречи на Павлов во чистата изведба на техничкиот дел од кореографијата, додека внесувањето арогантен драмски израз го наруши ликот.

Горан Божинов првпат беше Тибалд, кој го изведе со елегантен, арогантен, но и бавен темперамент.

Искра Шукарова, како г-ѓа Капулети, со актерска предозираност го предаде ликот со што ги задоволи барањата на кореографот и неговите сфаќања за овој лик. Господин Капулети беше уверливиот Дончо Велковски.

Во функција на драмските дејства особено е значаен ликот на дадилката што го интерпретира Милица Талевска, која оваа ролја ја обликува со многу добрина и мајчинска љубов, но без доволно чувство за гротеска. Розалинда шармантно ја изведе Анита Чаволи. Младен Ѓурѓев благородно ја донесе ролјата на свештеникот Лоренцо.

И ансамбловите игри беа коректни и го дадоа својот придонес со акцент на настапот на акробатите, шармантниот танц на Циганките, а особено играта на девојките со цвеќињата.

Костимите, стари уште од 1987 година, не можеа да го подигнат сјајот на изведбата, додека сценографијата беше во функција на дејствата. Оркестарот го водеше Едуард Амбарцујан, гостин од Ереван, Ерменија.

ИЛУСТРИРАНА РЕВИЈА ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД Македонија



## ПО ЕВРОСОНГ 2007 ГОДИНА

# КА

# ДО ГОДИНА

**Евросонг 2007- заврши со уште едно, можеби најголемото изненадување во својата историја. Догодина за прв пат во финалето ќе ги нема скандинавските земји Шведска, Норвешка, Финска, Исланд и Данска Овогодишниот евровизиски фестивал концепциски даде многу различни песни, интересни и успешно вметнати етномотиви, добри вокали и оригинални сценски настапи. Забележливо се одвои балканскиот блок, кој во жонглирањето со поени му се придружи на Западот, па овој пат Истокот си ги разменуваше симпатиите изразени преку поени**

Каролина Гочева за својот настап и интерпретација на песната „Мојот свет", го заслужи 14 –тото место на овогодишниот најголем континентален фестивал „Евровизија 2007". Таа обезбеди гласови од 12 земји, а Македонија освои 73 поени. Ова е најголемиот број држави што досега гласале за еден наш евровизиски претставник. На Македонија поени и дадоа: Црна Гора (10), Србија (10), Словенија (10), Бугарија (10), Босна и Херцеговина (8), Хрватска (8), Швајцарија (6), Чешка (5), Албанија (3), Грузија (1), Австрија (1) и Турција (1).

Мислењето на огромниот број новинари што го следеа фестивалот во Хелсинки е дека Каролина имаше сигурен настап, одлично ја изведе песната и остави добар впечаток.

Претставничката на Србија, Марија Шерифовиќ, со композицијата „Молитва" триумфираше на 52. издание на Изборот на песна на Евровизија, што се одржа во арената „Хартвал" во Хелсинки. Во конкуренција од 24 земји, победничката освои 268 поени. Втора е Верка Сердучка од Украина, а трети се девојките од руската група „Серебро".

# ...РОЛИНА УСПЕШНА, ...А ПАК ВО ПОЛУФИНАЛЕ



## ГРЦИТЕ ПРОТИВ СВОЈАТА КОМЕНТАТОРКА

Марија Бакодиму, коментатор од Националната грчка телевизија се најде во оган за време на изведбата на Каролина Гочева на полуфиналната вечер, кога порача „со среќа за Македонија".

- Можеби изгледа глупаво за повеќето Европејци, но да се нарече „поранешната југословенска република Македонија" како Македонија е голем проблем за Грција - пренесуваат грчките медиуми.

Се наведува дека грчките медиуми „ја распнале" Бакодиму, но таа ги игнорирала и дала изјава, единствено, за телевизиската станица „Алфа", каде што работи, а не дала коментар за Националната телевизија ЕРТ, која ја ангажирала да известува од Хелсинки.

Веднаш по „инцидентот", вработен во грчката ЕРТ и' рекол „доста беше со Евровизија, земи малку одмор".

Сепак, грчките организатори одлучиле таа да известува и од финалната вечер. Инаку, при гласањето во финалната вечер, само Црна Гора ја ослови Македонија со нејзиното уставно име.

- Ветив дека ќе ја донесам Евровизија во Србија и како вистинска скорпија во хороскопски знак, го одржав своето ветување - изјави по победата 22-годишната Шерифовиќ.

Марија остави силен впечаток на сцената уште на генералните проби, а и високо котираше на евровизиските листи и во обложувалниците. Токму затоа, уште пред одржувањето на финалето можеше да се претпостави дека Шерифовиќ, заедно со Верка Сердучка, која привлече внимание со шоуто на сцената, ќе бидат претенденти за првото место.

Освојувањето на трофејот на Шерифовиќ и обезбеди седумдневна турнеја низ европските земји што ја организира Европската радиодифузна унија. Спектакуларниот пренос на финалето на фестивалот, организиран од Финската национална телевизија, го следеа околу 100 милиони луѓе, а преку интернет околу 2,5 милиони.

Овогодишниот евровизиски фестивал концепциски даде многу различни песни, интересни и успешно вметнати етномотиви, добри вокали и оригинални сценски настапи. Забележливо се одвои балканскиот блок, кој во жонглирањето со поени му се придружи на Западот, па овој пат Истокот си ги разменуваше симпатиите изразени преку поени.

Оваа година за прв пат на Евровизија учествуваа 42 земји. За прв пат за Македонија гласаа 12 држави и за прв пат Македонија освои најмногу поени, што не беше доволно за догодина да влеземе во финале. Без ниедна 12-ка, Македонија ова место го освои со четири десетки, две осмици, една шестка, една петка, една тројка и три пати освоивме по еден поен. По десет поени добивме од Црна Гора, Србија, Словенија и Бугарија. Две осмици добивме од Босна и Херцеговина и Хрватска, шест поени добивме од Швајцарија, пет од Чешка, три од Албанија и по еден поен од Австрија, Турција и Грузија. По традиција гласаа соседите и екс ју републиките, а како нови држави изненадија Австрија, Грузија и Турција од која стандардно Македонија добиваше високи поени.

Македонија, пак, годинава поените ги додели на Молдавија(1), Украина (2), Грција (3), Босна и Херцеговина(4), Русија (5), Словенија (6), Белорусија(7), Бугарија(8), Турција (10) и Србија (12).

Евросонг 2007 заврши со уште едно, можеби најголемото, изненадување во својата историја. Догодина за прв пат во финалето ќе ги нема скандинавските земји Шведска, Норвешка, Финска, Исланд и Данска. Само земјите од големата четворка догодина одат директно во финале заедно со десетте финалистки, Србија, Украина, Русија, Турција, Бугарија, Белорусија, Грција, Ерменија, Унгарија и Молдавија.

Во Финска, особено меѓу новинарите, не престануваат коментарите од типот Западот исшутиран. А најмногу им се смеат на нивниот пласман, Шведска на 18, Германија на 19, Шпанија 20, Франција 22, Англија 23 и Ирска 24 место.

В. Ѓ.

## ЕЛЕНА РИСТЕВСКА ДОСЕГА НАЈУСПЕШНА

Инаку, досегашниот пласман на нашите претставници се движи од 19. место на Владо Јаневски во Бирмингем и истиот пласман на Каролина во Естонија до 13. место на Елена Ристевска во Атина, 14. на Тоше во Истанбул. Мартин Вучиќ беше 17-ти во Украина, а девојките од „XXЛ" 15-ти во Стокхолм. Но, не треба да заборавиме дека годинава за разлика од претходните години во полуфиналето имаше рекорден број од 28 изведувачи и дека „Евросонг" за време на траењето, значи и со финалето, угости 42 земји.

ИВИЦА ЧЕЛИКОВИЌ, ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „ИСЕЛЕНИЧКА ГРАМОТА” ЗА 2007 ГОДИНА

# ПОЕЗИЈАТА ОТКРИВА НОВИ ПРОСТОРИ НА МИСЛАТА

**Ми претставува чест дека наградата „Иселеничка грамота”, која сега по повеќегодишна пауза се возобновува, ми е доделена од страна на Матицата на иселениците од Македонија. Матицата има силно влијание за поврзување на бројното македонско иселеништво со татковината**

**разговараше: Александра Соколовска**

**Вие сте првиот автор кој го добива возобновеното признание на Матицата по седум години пауза. Како го доживеавте?**

- Бев мошне пријатно изнеден, како што човек може да биде изненаден кога ќе се слушне убава вест што остава силен впечаток. Ми претставува чест дека наградата “Иселеничка грамота“, која сега по повеќегодишна пауза се возобновува, ми е доделена од страна на Матицата на иселениците од Македонија која исто така пред извесно време беше возобновена на своевиден начин, а имајќи го предвид големото значење што во изминатите децении Матицата го имаше на планот на поврзувањето на бројното македонско иселеништво со татковината. Таквите напори, кои во аналите на македонското иселување мошне често се тесно поврзани токму со улогата и функцијата што ја остварува Матицата на иселениците од Македонија, имаат свој несомнен континуитет. Се разбира, неретко се потенцира од разни места дека врските и контаките со иселениците треба да се унапредуваат, па во тој контекст би рекол дека ваков вид награди, значи не само во областа на литертурното творештво, туку и во други сфери, посекако придонесуваат кон позитивен развој во однос на една таква декларирана цел од големо општествено значење. Се разбира, наградата ја доживувам како поттик, но и како признание на моите досегашни творечки напори.



**Што сакаше авторот на „Возови во пајакова мрежа” да каже со своите сихови?**

Верувам дека многумина автори се соочуваат со големи тешкотии кога сакаат да зборуваат за сопственото поетско творештво. Одделни песни, па и стихозбирките кои претендираат да понудат целина, извесна структура, најчесто се резултат на мигновени проблесоци кои се регистрираат, бележат на хартија, и затоа не се подложни на едноставни толкувања. Поезијата може да се доживее на различни начини, а за мене во основа таа е порив да се проговори за состојби, некогашни и сегашни, блиски и далечни, состојби кои се менуваат, трансформираат во своите облици на траење и со тоа се прекршуваат преку бројни перспективи во света. Сепак, поезијата, пред се, тежнее кон откривање на новите простори на мислата, на зборот и на неговите изразни значења, при што повеќеслојноста на јазикот создава неочекувани пресврти, впечатоци и претстави во свеста на читателот. Токму затоа се чини дека песната, доколку има одредена порака, се реализира преку повеќезначност.

“Возови во пајакова мрежа“ можеби се своевидна хипербола на одредени состојби кои трајат во духот како препознатливи координати. Возовите се дел од мојата младост, енергија која го овозможуваше движењето во просторите, низ Балканот, задоволувањето на љубопитството. Денес на железничките прагови растат капини, а пајажина ги обвива локомотивите. Се разбира, ова што го кажувам е во функција на засилување на поетскиот фигуративен јазик, но мислам дека тоа е сепак дел од бурните промени во живеењето и опстојувањето кои оставиле длабоки траги во свеста на секој поединец, а за кои јас во оваа поетска збирка се обидувам да проговорам, да ги доближам во фокусот на рамнотежата меѓу мислата и зборот, се разбира, онака како што јас го сфаќам творечкиот процес на пишување. Доживување на една спиритуална реалност на светот што не мирува, туку постојано се возобновува.

**Член сте на Друштвото на писателите на Македонија и во Сојузот на шведските писатели. Можете ли да направите компарација меѓу двете писателски асоцијации?**

Во Сојузот на шведските писатели освен писателите членуваат и преведувачите. Тоа веројатно не би требало да биде дискутабилно прашање имајќи предвид дека преведувањето уметничка литертура во многу нешта значи “пишување“ на некое дело на сопствениот јазик. Значи не станува збор за линеарно преведување, збор по збор, туку подразбира и одредено чувство да се пренесат подлабоките слоеви на уметничкиот јазик.

Инаку, Сојузот на шведските писатели главно се занимава со прашања поврзани со статусот на авторите, критериумите за авторски и преведувачки хонорари, доделува стипендии, ги следи процентуалните надомести на авторите од позајмувањето на нивните дела во библиотеките, правната регулатива во таа област, но, како и сите други писателски асоцијации, посветува внимание на одбележување на значајни јубилеи и организира трибини и тркалезни маси. Сојузот на шведските писатели е присутен на речиси секоја позначајна книжевна манифестација во Скандинавија а остварува и интензивна меѓународна соработка.

Ако може во куси црти да се направи разлика меѓу Друштвото на писателите на Македонија и Сојузот на писателите на Шведска, би требало да се напомене дека шведските писатели располагаат со подобри можности за финансирање на својата организација. Како податок за илустрација би споменал дека членството во Сојузот на писателите на Шведска на годишно ниво изнесува околу 140 евра. Но, треба да се подвлече дека средствата во голем дел се користат за реализација на разни активности, преговори и кампањи насочени кон подобрување на статусот на писателот во општеството. Сепак, и во Шведска, како и во Македонија, мнозинството на писателите не се во можност да живеат само од своето творештво, од книгите, туку професионално се ангажирани во разни професии.



**Работите како уредник на списанието Македонски весник во Шведска? Што сакаат нашите во Шведска да читаат?**

„Македонски весник" привремено не излегува. Проблемот е од финансиска природа, но во рамките на Македонскиот сојуз постои определеност да се работи интензивно на изнаоѓање решение за повторно печатење на ова единствено списание што излегува на македонски јазик во Скандинавија. Нашинците главно сакаат да читаат за сето она што се случува во македонските друштва и клубови, во рамките на црковните општини и за сите новости од областа на законската регулатива, за сите настани и појави кои се од посебен интерес за иселениците. Најважен е сепак фактот дека овој вид списанија, кои во рамките на македонската дијаспора во Европа се бројат на прстите од едната рака, ја внесуваат кирилицата, македонскиот јазик и воопшто Македонија, татковината, во домовите на македонските иселенички семејства, претставуваат мало освежување во животот на нашиот човек во „туѓина". Меѓутоа, туѓината за новите генерации, за потомците на првите иселенички генрации, е нешто друго, таа е само условно туѓина, и тоа треба да се разбере за да можат да се разликуваат нештата во приодот кон дијаспората и нејзините потреби. Многумина млади од македонско потекло во Шведска и во други западноевропски земји имаат мошне скромни познавања на македонскиот јазик. Станува збор за прашања кои бараат поширока елаборација.

**Што за Вас како поет, значи Струшкиот потески фестивал?**

Струшкиот потески фестивал има големо значење и препознатливо место на литературната карта во светот. Речиси сите подобро информирани писатели во Европа, па и пошироко во светот, слушнале за СВП и за мисијата што овој фестивал со децении ја извршува во смисла на градење мостови меѓу културите од разни меридијани. Лани бев во Македонија во придружба на истакнатиот шведски писател и член на Шведската академија која ја доделува Нобеловата награда за литература, Торгни Линдгрен. Имам преведено два негови романа на македонски, а лани му припадна честа да го отвори Меѓународниот саем на книгата во Скопје. Пред да тргнеме за Скопје го прашав колку му се познати нештата во и околу Македонија. Набројувајќи неколку факти, Линдгрен сепак не пропушти да го потенцира значењето Струшкиот поетски фестивал во меѓународни рамки.

Во младоста, кога работев како новинар во Културната редакција на Македонското радио, активно ги следев содржините на СВП, а за мојот творечки првенец во 1991 година ја добива некогашната награда "Млада струга". Тоа доволно зборува дека имам посебен однос и чувство кон Струшките вечери на поезијата и верувам дека тоа чувство годинава ќе биде уште посилно бидејќи "Иселеничка грамота" ќе ми биде врачена токму во Струга.

**„Возови во пајакова мрежа" е ваша четвртта поетска збирка? На што работите во моментов и ќе ѝ биде ли тоа достапно на македонската читателска публика?**

Моментално преведувам еден роман, "Синот на слугинката", од најзначајниот шведски класик Аугуст Стриндберг. Би требало да го завршам преводот во текот на јуни. Инаку, тоа ќе биде и прв роман од овој голем шведски писател што ќе биде преведен на македонски. Неодамна, пак, излезе мојот превод на романот "Популарна музика од Витула" од еден од најистакнатите претставници на помладата генерација писатели во Шведска, Микаел Ниеми. Ова дело, една од книгите од шведски автор што доживеа голем меѓународен успех во последниве години, ја објави книгоиздателеството "Темплум" и беше презентирано на годинашниот Саем на книгата во Скопје. Моментално работам и на мој нов роман, кој, ако ме послужи среќа, би требало да го завршам наесен и да го доставм до мојот издавач "Македонска реч".

## ЗЕМЈА БОГАТА СО АРХЕОЛОШКИ НАОГАЛИШТА

# НА СЕКОЈА -ИСТОРИЈА



**"Внимавај каде газиш... или може да згазнеш на античка вазна", како на шега е кажано од археолозите во Македонија**

Експерти предупредуваат дека откако земјата доби независност од Југославија пред 16 години, археолошкото наследство стана многу подложно на крадци кои користат софистицирана опрема и само неколку локации се неограбени. Малку се прави за да се запрат тие. Третина од населението е без работа и Владата вели дека може да се дозволи да најми само еден експерт да се справи со илегалната трговија со антиквитети.

– Ова не е ништо друго освен отворена понуда за илегалните копачи да бараат закопано богатство, вели 72-годишниот Таип Таири, пензиониран учител од селото Дедели близу Дојран. Неговиот дом е веднаш до наоѓалиште од Железното време со 98 ископани гробови.

– Ова место е многу ископувано... но групи од илегални копачи се сé уште активни во оваа област. Многумина од нив имаат направено богатство со продавање македонски бронзени ископини на Грци и други странски купувачи, вели тој.

Ирена Колиштркоска, шеф на македонската Асоцијацијата на археолози, предупреди дека секоја година голем број локални и странски копачи откриваат бесценети остатоци од Железното време, како и Тракиски, Римски и Византиски артефакти.

– Постојат две главни причини зошто Македонија не го заштитува своето културно богатство – немањето стратегија на национално ниво и отсуство на експерти од тоа поле, вели Колиштркоска.

Паско Кузман, директор на Националниот институт за заштита на културното наследство вели дека археолошките наоѓалишта од Железното време во југоисточна Македонија се интензивно ограбувани. Полицијата, вели тој, веќе почна со борба против организираниот криминал и казните делуваат сепак само како поттик на илегалните ископувања.

Македонија има богато минато. Земјата е дел од регионот Македонија во кој има делови во Бугарија и Грција и била голема сила во време на Филип Втори Македонски, и неговиот син Александар. Македонскиот југ, бил под доминација на различни цивилиза-

# ПЕДА

ции – античките Македонци, Римјаните, Византијците и Отоманската империја.

– Македонската бронза е во тренд. Таа е светски позната поради стилот и може да достигне висока цена на црниот пазар, вели Колиштркоска. „Дури и мал дел може да се продаде за илјада евра.

Источно од Дедели е Исар-Марвинци каде мештаните често носат во обиколка посетители и каде се трага по антиквитети.

- Лесно можете да најдете пари од римско време или керамика. Само погледнете внимателно. Секој камен е илјадници години стар, вели жител на тоа село кој одбива да го именуваме стравувајќи од казни.

Петнаесетмина локални жители беа уапсени поради илегални ископувања артефакти.

– Како локални жители лесно наоѓаме артефакти. Но, државата не плаќа за нив ништо. Ние сме без работа, а странците се наоколу со пари во џебовите, вели човекот.

Кузман вели дека за време на ископувањата во Исар-Марвинци во периодот 1995-2003 околу 2.500 артефакти биле украдени.

– Никој не знае колккаво количество национално богатство се изнесува од државата, но јасно е дека полицијата сé уште нема намера да го сопре тоа, вели Кузман.

И додека илегалните ископувања е невозможно да се запрат, Кузман вели: Секој дел од оваа почва е богат и чека на нас. Еден од моите соништа е да ја вратам во Македонија бронзената вазна со извонреден рељеф на која неодамна и е пронајдена трагата во Њујорк.

**Пренесено од:**
**Интернационал Хералд Трибун**

## ЕДИНАЕСЕТЕТ МЕСТАТА ВО СВЕТОТОТ СЕ ВИКААТАТ МАКЕДОНИЈАЈА

# МАКЕДОНИЈА НА СЕКАДЕ !

Дурири единаесетет местата во светотот, вклучувајќиќи ја и нашатата државава, се насловенбиби какоко Македонијаја или Македонон. Седумум од нив се наоѓаатат во САД, а две во државатата Њујоркрк. Градотот Областата Македонон, се наоѓаѓа во југозападниотот дел на Њујоркрк. Споредед пописотот од 2000 годинана има површинана од 87 квадратнини километрири и околулу 7000 жителили. Во оваааа сојузнана државава во САД постоиои и селоло, со истото име, Македонон и околулу 1500 жителили и над 500 домаќинствава.

Во САД истото такака постојатат уштете пет областити кои го носатат иметото Македонијаја. Се наоѓаатат во државитете Алабамама, Џорџијаја, Илиноисис, Ајовава и Охајојо. Најмалала е онаааа во Илиноисис, со самомо 51 жителел и самомо 17 домаќинствава. Во Алабамама пак има 291 „македонецец“, а во Ајовава 325. Најголемем градад во САД кој се викака Македонијаја е онојој во Охајојо со над 9200 жителили.

И во Австралијаја постоиои градад со име Македонон. Се наоѓаѓа меѓуѓу Мелбурнрн и Бендигого, централнана Австралијаја. Уштете едноно планинскоко местото во Австралијаја со над 1100 жителили се викака Македонон. Се наоѓаѓа на истоименатата планинана.



Дурири и Бразилцитете еденен својој градад кој се наоѓаѓа близузу Сао Паололо и има 3600 жителили, го именувалеле Македонијаја.

И колкуку за споредбаба.Грцитете кои толкуку беа противив преименувањетото на Скопскиотот аеродромом во „Александарар Великики“, дурири и националнитете специјалитетити ги нареклеле Македонијаја. Истото такака, аеродромотот во Солунун се викака Македонијаја. Грцитете имаатат и телевизијаја, дневенен весникик и националенен танцнц кои се викаатат Македонијаја.



## ОД ЖИВОТОТ НА НАШИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ И УЧИТЕЛИ ВО ПРИНСКИОТ КРАЈ

# ВЕЧЕН ЦВЕТ - ЕДЕЛ ВАЈС

**Пишува:**
**Виктор Цветановски**

„Секое одење дома поминував и често одев кај тетка Ленка, мајка му на поетот Никола Вапцаров. За мене таа едноставно беше тетка Ленче. Таа уште првиот ден не' пречека. Се фрли врз нас, извикувајќи: „Моите Македонци, мои Македонци, и мојот Николчо е со вас... Јас се качував во нивната куќа и влегував во собата каде што живеел и работел Вапцаров. Во неа, во едниот агол, стоеше негова слика, обвиткана во црно, тука беше неговата работна маса со материјали за работа...

Тешко ми беше ако некогаш поминев крај куќата на Вапцарови, а не влезев и не се поздравев со тетка Ленче". Ова е само една од многуте пријатни епизоди што ги доживуваа македонските учители кои во 1947 година беа испратени во Пиринска Македонија за да им предаваат на тамошните Македончиња македонски литературен јазик. Неа навремено ќе му ја раскаже Љуба Станкова на новинарот на МТВ Иван Глигоровски, објавена во книгата „Првите учители на македонски јазик – 1943-1948."Станкова, која била учителка во Банско, истовремено нагласува дека во трајно сеќавање и' останале екскурзиите што ги организирале. „Учениците често пати ми кажуваа дека овде расте едно убаво растение со прекрасен цвет. Тоа беше цвеќето еделвајс, кое растело само на Пирин Планина. На испраќање, кога требаше да заминам од Банско, тие ме прашаа што сакаш за подарок. А јас им реков: „Што може од Банско, од Пирин да се подари, освен да ми подарите цвеќе еделвајс... И тие ми набраа цел букет со ова прекрасно пиринско цвеќе... И, ете, гледате, ова цвеќе го имам во мојата соба и денес. Цвеќето го имам и во оригинал и вештачко. Го имам и на слика...", се сеќава таа на прекрасните мигови поминати во Банско.

Македонците во Бугарија вистински национално беа слободни само во годините по војната, посебно за време на културната автономија на Пиринска Македонија, од која годинава се навршуваат 60 години. Тогашната бугарска власт призна македонска нација и широко ги отвори вратите за меѓусебно комуницирање на Македонците од двете страни на границата. Односите меѓу тогашна Југославија и Бугарија биле на мошне високо ниво, а уште повеќе беа зацврстени по средбата на Јосип Броз Тито и Георги Димитров во Блед во 1947 година, кога беше потпишана познатата Бледска спогодба за меѓусебните односи.

Д-р Васил Јотевски, кој го истражува овој период, вели дека Централниот



комитет на БРП(к) уште на десеттиот пленум од 9 август 1946 година донел посебна резолуција по која се создала поволна клима за Македонците. Подоцна, на Третата обласна конференција на БРП(к) во Горна Џумаја (денешен Благоевград), меѓу другото, било побарано да се работи на широк културен план преку заемни посети и културна размена за зближување на Македонците од двата дела на Македонија и изучување на македонската историја во пиринскиот крај. Истовремено било побарано отворање на македонска книжарница и областен државен театар во Горна Џумаја.

Книжарницата била отворена на 1 мај 1947 година, а на 7 ноември истата година и театарот. Првата претстава била „Печалбари" од Антон Панов, во која учествувале и актерите Петре Прличко и Тодорче Николовски. Од Македонија во театарот во Горна Џумаја биле испратени артистите Илија Милчин, Крум Стојанов и Вера Вучкова. Истовремено за Пиринска Македонија есента заминале стотина учители кои во повеќе села и градови ги изучувале децата на македонски литературен јазик.

„Националните права и слободи што ги уживаа Македонците од Пиринскиот дел на Македонија во периодот од 1944 до 1948 година не беа резултат на некаква политичка тактика или стратегија на една политичка партија, макар да е таа и комунистичка, туку беа резултат на долгогодишната континуирана борба што ја водеше македонскиот народ", вели д-р Васил Јотевски. Тој посебно нагласува дека притоа не треба да се намали и улогата на бугарските комунисти кои имале принципиелен став околу македонската нација и македонската држава се' до 1956 година.

Мошне илустративни за тие благопријатни години за културен и образовен развој на Македонците во Бугарија се искажувањата на некои од учителите што заминале во Пиринска Македонија. „Некаде при крајот на учебната година вршев анкета меѓу учениците со прашање: дали ќе сакаат и во наредната учебна година да ги изучуваат сите наставни предмети на македонски јазик? Во оваа анкета се изјасниja сите ученици и со голема радост бараа и идната учебна година наставата да се изведува на македонски јазик. Оваа желба беше слична и кај овдешното население.

Меѓутоа, таа нивна и наша желба остана неостварена. Зашто, како што е познато, по Резолуцијата на Информбирото од 1948 година, ние, македонските учители, едноставно бевме прогонети од сите места во Пиринска Македонија. Со тоа заврши нашата просветно-културна, би рекол, историска дејност", раскажува Киро Џимвревски од Куманово, кој бил учител во Петрич.

Благоја Пацаноски од Прилеп бил учител во селото Бања. Цело време додека учителствувал таму бил заинтересиран да види, да чуе како се чувствува народот, дали луѓето се сметаат за Бугари или за Македонци. „Бев изненаден кога погледнав во книгите во општинското собрание, бидејќи живеев заедно со секретарот на општината во иста зграда, па оттука имав можност да видам, да прочитам, дека во матичните книги сите беа запишани како Македонци. Тоа значеше дека сите до последен човек, целокупното население од село Бања, кое имаше околу 300-400 куќи со неколку илјади жители, беа запишани како Македонци...", се сеќава тој. Алимпие Калајџиески од Вевчани, кој бил учител во селото Микриево, на Иван Глигоровски му пренесува еден интересен настан, за кој му раскажувале селаните од селото Крушица. „Во 1946 година, кога се одржувал плебисцитот во Бугарија, дошле некои службеници од Горна Џумаја, не ги нашле луѓето в село. Во канцеларијата седнале и направиле списоци и ги напишале сите жители дека се Бугари. Пандурот (селскиот падар) го забележал тоа и ги викнал луѓето: Еј, браќа, собирајте се, сите ве запишаа како Бугари!? А луѓето од Крушица излегле на крај од селото, ги пречекале службениците и физички се пресметале со нив, ги скинале списоците, а потоа сами направиле нови списоци и се запишале како Македонци... Потоа делегација од 10 селани ги однела списоците на жителите од селото Крушица во Горна Џумаја... Оваа случка селаните од Крушица со гордост и голема возбуда

ми ја раскажуваа, велејќи ми: Еве, даскале, како се бориме и ние за Македонија...", раскажува Калаџиески, кој вели дека децата ги прифатиле македонските учители со големо воодушевување.

„Особено тие беа воодушевени и радосни кога го примија весникот 'Пионерски весник', од кој веднаш се заинтересираа да читаат написи и статии, песнички итн. Колешката што предаваше бугарски јазик почна да се жали и еднаш ми рече: 'Колега, децата почнаа да ми грешат на часовите по бугарски јазик'. А, јас и' реков: 'Колешке, сметам дека не треба да тагувате поради тоа што грешат на часот по бугарски јазик, туку треба да се радувате поради тоа што учат на македонски јазик, оти тие се Македончиња... Во друга пригода, во прво одделение, една постара учителка по бугарски јазик, Камнарова, ми се пожали: 'Колега, јас што ќе правам со песничката 'Аз сам Б'лгарче'. А јас и' реков дека нема да ја обработуваат таа песничка, бидејќи таа песничка не ја зборува вистината. Овие деца се Македончиња...", се сеќава вевчанскиот учител Калајџиски. И Василка Антоновска од Битола, учителка во Горна Џумаја, говори за зависта на бугарските учители спрема нив. „Еден ден влегува на мојот час една учителка по бугарски јазик. Ме праша дали може да присуствува на нашиот час. Јас и' реков, да ги прашам учениците. Во тој момент сите ученици станаа од своите клупи и изјавија дека не сакаат таа да присуствува на нивниот час. Бугарската учителка мораше да излезе надвор од училницата. Часот го продолживме на голема радост, без да го коментираме овој гест на бугарската учителка", раскажува Антоновска. Таа вели дека желба на сите ученици била сите предмети да се изучуваат на македонски јазик, а не да се изучува само македонскиот литературен јазик. Антоновска говори и за нивното драматично заминување во 1948 година по Резолуцијата на Информбирото, кога се заострија односите меѓу тогашна Југославија и Бугарија. „Кога ја поминавме границата и преминавме на наша територија, ние бевме среќни", вели таа. Чекавме во тие моменти да се појави нашиот камион за да ги прибере македонските учители, кои беа протерани од Пиринска Македонија. Почнаа сите да се качуваат во камионот по ред. Тој веќе беше целосно исполнет. И кога требаше и јас да се качам, мојот сопруг ми подаде рака. Во тој миг се појави еден бугарски офицер, се изненадив кога од џебот извади пиштол. Тој почна да нишани во правец на мене. Се исплашив. Но, за моја среќа, тој се сопна од еден камен кога потрча кон нас и падна. Го искористив тој момент, со помош на мојот сопруг се качив во камионот кој, исто така, во тој момент тргна кон нашата територија... Можам да кажам дека се спасив од сигурна смрт. Ми се чини дека и денес кога се сеќавам на оваа случка ме обзема страв... А тоа, од друга страна, укажува на какви опасности и искушенија бевме изложени ние учителите во тоа време...", раскажува Антоновска.

# ШЕСТ ИЛЈАДИ ГОДИНИ СТАР ЗВУК ПРЕД СКОПЈАНИ



За прв пат пред јавноста во рамките на Денови на македонска музика 2007, е претставена топчеста флејта (окарина), стара 6000 години, што беше пронајдена во Чашка, Велес.

Сојузот на композитори на Македонија – СОКОМ, кој годинава слави 60 години постоење, од 27 март до 19 април, годинава, по 30-ти пат ги организираше Деновите на македонската музика. На затворањето на Манифестацијата, на 19 април концерт одржа Драган Даутовски, кој свиреше на окарината.

Композиторот Сони Петровски од СОКОМ вели:

-Музичарот Даутовски веќе една година го усовршува звукот и вежба на инструментот. Тој има интересна приказна за флејтата: сонувал ливче кое му паднало од рака. На него пишувало дека ќе се слушне глас од далечина. Потоа му ја откриле топчестата флејта, стара толку години.

Според Даутовски, концертот е подготвена научна промоција на инструментот, а тој самиот, досега ги испитал сите можности на окарината – кои тонови се вадат дувајќи топол воздух, а кои со ладен која позиција и агол на усните е најпогоден за тој тоналитет, какви комбинации на тонови можат да се извадат.

Се смета дека овој археолошки пронајдок е еден од најголемите во околината на Велес.

(„Македонска Нација” - независно списание за општествените прашања и култура, Год I, Јануари-

# ЗОШТО ОВОЈ ГЛАС НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА?

Зошто во еден дел на нашата страдална татковина, во Вардарска Македонија, Македонецот може денес слободно да го изрази своето национално чувство - да каже дека е Македонец. Во другите два дела на несрекна Македонија нашите сонародници се присилени да бидат викани она што тие не се, па дури и да не смеат да зборуваат на својот мајчин јазик. Нашите браќа и сестри под грчкото и бугарско ропство постојано се изложени на систематски денационализаторски режим кој има за цел да ги уништи како нација, да ги погрчи и побугари , или пак присилно да ги исели од нивното родно огниште. Денешните национални угнетувачи на нашиот народ освен своите денационализаторски политики се служат и со научни, културни и црковни институции, а Македонци гнијат денес по грчки и бугарски затвори само затоа што се Македонци, што мораат и занавек да си останат такви; бугарски и грчки учители однородуваат по школите македонски деца; по македонските храмови пеат грчки и бугарски попови и владици и со Евангелијата во раце ги заколнуваат своите верници да бидат добри Грци или Бугари, Софија и Атина со богати плати имаат ангажирано стотини народи и културни работници во задачата и камењета во нашиот македонски Вардар да ги прикажат „научно“ како бугарски и грчки. Целото историско минато на нашиот народ, неговата култура, неговиот јазик и се друго што е негово се присвојува, фалсификура, негира, краде и уништува. Бугарски и Грчки националистички пропагандисти под маска на историчари шетаат денес по разни европски универзитети и други научни и културни центри за да спречуваат вистината за Македонија и Македонците да стигне до сртанскиот научен и културен свет, до надворешното јавно мнение. Бугарски и Грчки дипломати на жалат време и средства кога треба да се спречи печатење на некоја објективна книга за Македонија во странство или кога треба да се појави во превод на некој странски јазик некоја творба од македонските писатели.

Бугарија и Грција (а порано тоа беше случај и со Србија), откако ја разделија и завладаа македонската земја, Македонците ги прогласија за Бугари, Грци и Срби. Со тоа етничко прекрстување на Македонците тие сметаа македонското прашање да го ликвидираат како национално прашање. Со негирањето на постоењето на Македонскот народ балканските господари на Македонија почнаа да го оправдуваат своето владеење на туѓа земја, својот режим на ропство и угнетување. Нашиот македонски народ не се помири со судбината насилнички што му ја наметнаа неговите нови господар, тој пружи сенароден отпор на денационализаторските политики, создаде свое ослободително движење за издвојување национална слобода и независност. Во тешка и крвав национална борба водена под знамето на славниот илинден, Македонците во Вардарска Македонија извојуваа национално са бидат признаени како Македонци, создадоа своја национална држава, цвоја Македонска Република, која им осигурува слободен национален живот и развиток. Раѓањето на националната држава на македонскиот народ беше една извонредно голема придобивка за нашиот национално вечно угнетуван народ и едновремено претставуваше пораз за тројниот балкански империјализам. На прво место српскиот империјализам беше поразен со тоа што оваа Втора Југославија призна дека Македонците не се Јужни Срби и им дозволи државноправно да се афирмираат на национална основа во своја сопствена Македонска Република. Но,со раѓањето на македонската национална држава не малку беа поразени бугарските и грчките империјалисти. Решавањето на македонското национално прашање во рамките на Федеративна Југославија стана еден пример од кој Софија и Атина смртно се исплашија. Знаејќи дека кога тогаш ке мораат да им признаат ационални права


Драган Богдановски - Станковски

на Македонците, па и да се откажзат од своето господство над Македонија, Софија и Атина тргнаа во офанзива против историјата - тие почнаа да го негираат правотона индивидуален национален живот и на Македонците во Вардарска Македонија. Националистите од Атина почнаа светот да го заблудуваат како македонската нација е измислена од „славокомунистите“ во една перфидна игра за заграбување на грчка „национална“ територија. Софија, пак, почна да го заблудува светот со скроената лага дека македонскатља нација била измислена од српските комунисти, „србокомунистите“, со цел да се денационализираат некакви македонски Бугари т.е. да се однароди една бугарска земја.

Денешните грчки и бугарски денационализаторски политики на терор во Македонија, како и нивните лаги и обмани во врска со македонската стварност во рамките на Југословенската Федерација, не можат, а да не го засегнат секое чесно и искрено македонско срце, каде и тоа да се наоѓа. На теророт на грчките и бугарските националисти Македонците одговараат со посилно национално сознание, со поздраво македонско чувство, а на лагите и клеветите со плодна организаторска и творечка дејност на духовно, културно и научно поле. Во тој сеопшт македонски национален подем живо учествуваат и македонските иселеници и емигранти во надворешниот свет, како и македонските нови печалбари што се на привремена


Ване Самоилов - Петрески

Февруари 1971, Бр. 1)



Драги Радински

**Овие страниви си посветуваме на големиот број борци за македонската кауза и политички емигранти во дијаспопрата во времето на создавањето на Социјалистичка Република Југославија... Големиот број на Македонци по светот во обидот да се обединат, да ја искажат својата мисла и борба за обединување и афирмирање на родината покренуваат многупати изданија кои за жал завршуваат како доказен материјал за бројни пресуди и осуди и казни за македонскиот национализам. Изданието Македонска нација што заживеа во западна европа во 1971 година остана како вековен доказ на борците за македонската кауза, кои низ пишаниот збор се бореа за подобар живот во татковината, а воедно и за ороду-вање на Македонците ширум светот . Во овој и во наредните броеви ке пренесеме автентични извадоци од Македонска нација.**




работа во туѓина, сплотувајќи се во прв ред под топлото мајчинско крило на својата национална автокефална Македонска православна црква. Како одраз на тој национален живот на македонските иселеници, емигранти и привремените печалбари во туѓина, се појавува и ова скромно списание чие име „Македонска нација“ кажува многу нешто за неговата програма. Нашево списание се издава со овие цели:

1. Заштита на националните интереси на целокупниот македонски народ;

2. Водење борба за извојување национални права и слобода на Македонците под Грција и Бугарија;

3. Припремување на терен за обединување на трите дела од распарчена Македонија во единствена македонска национална државна целина;

4. Да работи за побогат духовен, културен и политички живот на Македонците во туѓина, и

5. Да ја шири во надворешниот свет вистината за Македонија и нашата македонска народност, разобличувајќи ги при тоа лагите и клеветите што ги шират балканските националисти и империјалисти.

Името и целите на нашето списание јасно го оцртуваат неговиот општ македонски национален карактер. „Македонска Нација“ не е орган на политичка партија, друштво или организација, туку е широка национална трибуна во која може да соработува секој оној Македонец и Македонка која сака да работи за доброто и среќата на својата нација. Издавачите на „Македонска нација“ сметаат дека на македонската национална кауза може да и служи секој чесен Македонец без разлика на неговите филозофски погледи, идеолошки убедувања или партиска припадност. „Македонска Нација“ нема да биде ни антикомунистичко, ни комунистичко списание. Списанието ќе биде надпартијно, една широка македонска национална трибуна што ќе работи за постигање на македонско единство. Ние македонците во странство, како слободен дел од нашата нација, тоа единство треба да го постигнеме овде во надворешниот свет, бидејќи само така обединети во национално единство ние ќе можеме да му помогнеме на нашиот народ во татковината да се ослободи од националното робување и да заживее слободен живот во својата обединета национална држава. Со постигањето на нашето национално единство овде во туѓина ние ќе можеме во една иднина на нашата патриотска дејност да и дадеме и организирана форма во еден широк македонски национален фронт.

Издавањето на едно вакво независно национално списание во туѓина не може, а да не го подигне кај читателите и прашањето: кој стои зад оваа иницијатива? Во таа смисла ќе има многу шпекулации, злонамерни заклучоци и тврдења. Нека има! Ништо од тоа. За добрите и незлонамерните луѓе без разлика на нивната национална припадност ние подвлекуваме дека иницијаторите и издавачите на ова списание се Македонци меѓусебно што се познаваат уште од затворите на Југославија, Бугарија и Грција каде што лежеле за еден ист македонски национален идеал, или пак се познаваат повеќе години надвор во туѓина како чесни и верни на македонската нација синови и борци. Во оваа национална иницијатива и акција не има од сите три дела на распарчена Македонија. Македонскиот национален идеал обединува во оваа иницијатива признаени политички емигранти, иселеници и печалбари без разлика на боите на нивните паспорти.

Иницијаторите и издавачите на „Македонска Нација“ на ова место особено нагласуваат дека списанието е наполно независно и како такво нема никакви врски со властите и режимот во денешната Социјалистичка Република Македонија. Како Македонци, како деца на нашата македонска нација, без разлика на тоа во кој дел од Македонија сме родени, ние со синовска љубов ја сакаме таа наша национална држава, се радуваме на сите нејзини успеси и постигања на економско, духовно, научно и културно поле и сме спремни ако затреба и со оружје в раце да ја браниме. Нашето списание ќе дава поддршка на сите оние иницијативи и акции што ќе бидат спроведувани од органите и раководителите на СРМ што се во полза на македонската кауза, што се во корист на македонските интереси, но тоа како независно списание со јасно определена национална програма, бескомпромисно ќе се бори за заштита на македонските национални интереси кога тие бидат продавани или недостатно заштитувани од управниците на СРМ. „Македонска

Нација“ ќе пишува и за оние работи за кои што режимскиот печат во СРМ не сака или не смее да пишува. При својата потполна независност „Македонска Нација“ изјавува спремност да соработува со научните, културните и црковните институции во СРМ, како и со одделни нивни соработници. Поздравена ќе биде секоја нивна соработка на национален план во нашето списание. Особено мила ќе ни биде една соработка со Македонската национална црква.

Сега за сега, додека не се создадат подобри материјални услови, „Македонска Нација“ ќе излегува двомесечно. Таа се печати исклучително со доброволните прилози од нејзините основачи и издавачи. Редакцискиот Совет и Издавачкиот Одбор апелираат кон сите македонски патриоти со претплатувања и штедри материјални прилози да помогнат „Македонска Нација“ да почне да излегува месечно, или двапати месечно. За таа цел, Издавачкиот Одбор основа специјален Фонд за „Македонска Нација“. Со своето помагање на овој Фонд македонските патриоти ќе овозможат „Македонска Нација“ почесто да ја имаат во свои раце, и што е најглавно: да дадат свој прилог во национално ослободителната борба на својот македонски народ.

# ЈУГОСЛАВИЈА ФЕДЕРАЦИЈА ИЛИ КОНФЕДЕРАЦИЈА?

Последниве неколку години Југословенската Федерација претрпе значајни промени, кои во секој случај ќе бидат судбоносни за нејзината иднина. Таа многунационална држава со шест републики од кои пет по својот етнички состав и историско минато се и национални држави, од една федерација со силно централизирана власт која траеше цели дваесет години, само во текот на овие последни пет-шест години се преобрази скоро во една конфедерација. Огромната власт на сојузната престолнина слабееше во полза на една се поголема автономија на републиките. Се постигна една порамноправна застапеност на републиките во сојузните органи; се воведе рамноправност на јазиците во сојузната администрација. Решено е рамноправноста на јазиците да биде остварена и во војската. Државната одбрана делумно се децентрализира со тоа што една четвртина од регрутите сега служат во своите републики. Новиот систем на „сенародната самоодбрана“ создава една врста национални армии по одделните републики. Републиките сега се повеќе учествуваат во креирањето на надворешната политика на федерацијата и тие сега се порамноправно застапени и во дипломатската служба. Во сите овие преобразби посебно и предимно место зазеде децентрализацијата на стопанскиот живот. Денес секоја република сама се грижи за својто стопански живот и просперитет. Овој процес на децентрализација на државниот и општествениот живот во Југославија




Миле Самоилов - Петрески

сега навлегува во една решавачка стадија и стои на еден крстопат на кој се вкрстосуваат федеративната и конфедеративната форма на државното устројство. Секојдневниот живот наметнува нови проблеми и барања, а бара и решенија за старите проблеми. Се настојува на тоа односите меѓу народите и народностите на Југославија да бидат засновани на еден нов начин, со едно општествено договорување меѓу нив, без диктати и без некои „виши интереси“ на заедницата. Денес скоро во сите републики преовладува мнението дека функциите на федерацијата треба да се смалат на надворешната политика, народната одбра,а на единствениот општествен систем и на заедничкиот пазар. Исто така, раширено е и становиштето декатреба да се укинат сите фондови на федерацијата, освен фондот за развиток на недостатно развиените републики.

Сите овие промени во животот на Југословенската Федерација станаа предмет на севозможни коментари како во домашниот печат на Југославија, така иво надворешниот странски и емигрантски печат. Некои белградски весници кои не можат да го сокријат своето жалење за изгубеното „добро старо време“ од епохата на Александар Ранковиќ, дигнаа врева дека југославијастанува конфедерација и дека со тоа таа се отстранува од своите уставни рамки. Слична загриженост покажаа надвор воемигранција и весниците на српските „интегрални Југословени“ кои жалат не само за Александар Караѓорѓевиќ, туку и за Александар Ранковиќ. Весниците пак на севозможните сепаратисти во емиграција на Југословенската Федерација и отпеаја дури и надгробна молитва. Се појавија многу шпекулации и во независниот странски печат. Една од нив е таа дека по смртта на Тито Југославија ќе се распадне или во неа дека ќе се повтори братоубиствената граѓанска војна. Се пробудија и иредентистичките



Мелбурн: 2.000 година Миле Петрески домакин на гости од Македонија

чувства и соништа кај некои од соседните на Југославија држави кои очекуваат и се надеваат по смртта на Тито, Србите и Хрватите да се исколат, па тие слободно и непречено да анектираат делови од денешна Југославија. Очите на санстефанските сеништа се насочени кон Македонија и делови од Србија; Албанија остри заби за Косово и Метохија и за делови од Македонија; извесни кругови во Италија не ја сокриваат својата надеж за „ослободување“ на делови од денешната Хрватска и Словенска Република. Црни гаврани се вијат над Југославија и одвај чекаат нејзиниот леш да го растргнат на парчиња. Само иднината може да ни каже дали ќе се остварат нивните очекувања. Ние овде во оваа статија немаме за цел Југославија да ја браниме или спасуваме од пропаст, нејзината судбина и не зависи од нас, како што не зависи и нема да зависи и од оние што страсно очекуваат таа да нестане од географската карта, но ние сепак сме убедени во едно, и тоа благодарение на нашето познавање на историјата на таа држава, дека Југославија ако сака и понатаму да постои како многунационална сојузна држава, таа треба да се развива во насока на се поголема рамноправност на нејзините народи и народности, во насока на се поголема автономија на нејзините републики, па да кажеме и во насока на национална сувереност на републиките. Во животот на своите републики федерираните народи треба да го чувствуваат пулсот на своите национални државности. Под заедничкиот федеративен кров Србите треба да се чувствуват во своја српска држава, Хрватите во своја Хрватска, Македонците во своја македонска и тн. Цели дваесет годинине постоеја услови за зараѓање на едно такво чувство. Рамноправноста на народите постоеше повеќе на хартија отколку во практика: републичките парламенти и влади папагалски повторуваа, мајмунски емитираа и слугерански исполнуваа она што се решаваше во сојузната престолнина и што диктираше и диригираше од неа. Националната слобода беше ограничена од централистичкиот систем на нивото на една културнаавтономија, и тоа неполна. Хрватите уште и денес јазикот на кој што зборуваат не можат да го наречат свој хрватски јазик. Македонците долги години не можеа да ја печатат својата национална историја бидејќи од Белград се бараше таа историја да биде не на целок-




упниот македонски народ, туку само на неговиот дел во Вардарска Македонија. Се додека во Белград властуваше семоќниот Александар Ранковиќ Македонската национална црква не можеше да дојде до своја независност. Вакви крупни национални проблеми на народите беа систематски загушувани и запоставувани, па затоа ништоне е чудно што многумина вомакедонија, а тоа е случај и винекои други републики, и во оваа Втора, федеративна Југославија, се чувствуваа национално угнетени обесправени.

За распаѓање на Југославија почна да се зборува од оној момент кога обрачите на централизмот почнаа да попуштаат, кога некои од националните неправди почнаа да се исправуваат, кога посмело и поживо се постави прашањето за национална рамноправност и сувереност. Во создавањето на таа „распаднувачка“ психоза, особено крупна ролја одиграа стопанските интереси, поточно стопанските конфликти меѓу републиките. Многу од тие конфликти се должат на различниот стопански развиток на републиките, како и во разликите во нивните природни богатства, но многу од нив се и плод на стремежите за доминација т.е. стопанска хегемонија на побогатиот и силниот врз победниот и послабиот. Тие стопански конфликти не можеа да останат без „политички компликации“. Од нив се изродија далги национализми по сите републики. Вистина, националистичките будења се уште немаат отворен сепаратистички карактер, тие се уште се движат во „уставни“ рамки, но во една иднина тие сериозно можат да ја застрашат егзистенцијата на федерацијата. Тоа нешто го разбра и стариот Тито заедно со своите блиски соработници, па се обидуваат да најдат лек за болната состојба. Тие најавија создавање на едно ново сојузно тело под име Претседателство на Републиката и го снабдија со овластувања што сојузната влада (СИВ) ги немаше и што всушност претставуват чекор назад кон централизација. Претседателството на Републиката во иднина ќе може да донесува решенија од стопански и друг карактер без да бара согласност од Сојузниот парламент и од одделните републики. Претседателството е проектирано како еден сојузен орган кој со своите „авторитетни“ решенија треба да ги сузбива и ублажува конфликтите меѓу републиките т.е. меѓу народите и народностите. И, само иднината ќе може еден ден да ни каже тоа Претседателство колку ќе ги исполни очекувањата на неговите создавачи. Сега се знае внапред со сигурност дека со оваа поновна централизација нема да се решат актуелните нацонални проблеми во федерацијата, а уште помалку да се постигне саканата стабилност. Се создава нов терен за старите грешки и неправди.

Сигурни сме дека меѓу Македонците во странство ќе се најдат луѓе што ќе ни караат мајката што во оваа статија сме „загрижени“ за судбината на денешна Југославија, но ние не се плашиме од антијугословенската психоза на емиграцијата, бидејќи знаеме дека оние штоќе ни караат го заборавуват фактот дека нашата национална судбина денес е сврзана со судбината на таа Југославија, па затоа ни еден Македонец кој има мрвка објективност во себе не може да биде рамнодушен пред она што се одигрува во таа држава. Македонската стварност секогаш била, за жал,спротивна на македонските желби, а така е и денес. Југославија ја имаат создадено други без наше прашање и против наша волја, но ние Македонците сме принудени во рамките на Југославија да ги браниме нашите национални интереси.

# ЗБОРОВИТЕ СРАМ И ПЕРДЕ ВЕЌЕ НЕ ПОСТОЈАТ!

Порано, кога се правеше свадба, тој што немаше алишта да се дотера, не доаѓаше ни близу до сватовите, туку ѕиркаше од страна. Сега, тој што нема, ќе ти ја соблече кошулата за тој да ја облече. Така дотеран, ќе се фати на орото, а тебе ќе те избрка.

Срамот и пердето веќе не постојат во нашиот речник. За жал, Македонците се исто расипани како и останатиот свет.

Криминалот, корупцијата и развратот се секојдневие.

Кога и чуварите на законот ги апсат, што остана за другите!? Дваесет и шест полицајци се зад решетките. Пишуваат весниците, криел под душекот 20 000 евра!Нема тука лажење: ги фатиле со камери за далечинско снимање, набавени од американската амбасада. Младите ги бркаат од својата земја, а кога ќе се вратат ги третираат како непријатели.



Велат, Македонија одела напред. Нема вработувања, нема пензии! Што е тоа, ако не е беда!? Велиме, ја сакаме Македонија! Ако ја сакаме, зошто бегаме од неа!? И уште нешто:

Претседателот Борис Трајковски беше голем водач и борец за мир и врз него беше извршен атентат!

*Поздрав од Богоја Тодоровски од Пореч, економист и 50 години македонски иселеник во Торонто, Канада*

# ЗДРАВО ДРАГА МАТИЦО

Примете ги далечните и топли поздрави од фамилијата Трајчевски. Тагата ме натера да ви се обратам и да ви испратам чек од 180 долари за претплата на вашето списание „Македонија". Јас не знам колку точно изнесува годишната претплата, но, ако парите се повеќе отколку што е потребно, нека останат како помош за Матицата.

Ние за прв пат се претплативме на ова списание во 1978 година и го добивавме до пред неколку години, но тоа престана да доаѓа.

Мојот сопруг Васко почина пред осум месеци и не остави во болка и тага. Тој е роден во село Гроешница, Битолско и беше познат во Австралија како почитуван спортски дописник во весникот на Љупчо Станковски за македонските емигранти, како и спортски уредник на Ицо Најдовски и на други радио станици.

Васко заврши техничко средно образование во Битола, тука дојде во 1964 година, брзо го научи јазикот и почна да работи во фабрика, но се разболе, па доби инвалидска пензија, а слободното време го користеше за читање весници и пишување за народот. Пред да почине беше во „Саншајн хоспитал", а постојано сонуваше и зборуваше за спортот.

Ве молам да го обновите списанието.

*Со поздрав,*
*Јана Трајчевска со децата,*
*од Мелбурн, Австралија*
*До сите што работите во Матицата.*

# МАКЕДОНЕЦ, ГОРДО ЗВУЧИ!

Се сеќавате ли кога последен пат сте го развеале македонското знаме, онака, на некој собир или повод? Кога за последен пат сте биле дел од неповторливото ехо на Градски кога во еден глас публиката од сите четири трибини еднoподруго извикува отсечно МАКЕДОНИЈА! Помина ли многу време откако на гостите од странство кои престојувале кај Вас им ја раскажувавте нашата славна историја? Помина ли многу време откога споревте со зајадливите домаќини од соседните земји каде што го поминувавте летниот одмор за потеклото на Филип, Александар, Самоил, Гоце? Овие неколку прашања треба самите интимно да си ги одговориме за да видиме колку всушност себеси сме се подзаборавиле. Токму тогаш ќе ни се расчисти бунилото од каде произлегува сета оваа суптилна негаторска политика која е насочена кон нас од нашите соседи. Не сакам да бидам разбран погрешно. Ама малку повеќе патриотски чувства добро би ни дошле деновиве.

Потребно е сите ние на свој начин да дадеме придонес за креирањето на големата слика за Македонија во главите на странците. Почнувајќи од врвот, нормално. Ако владините делегации на официјалните посети во странските земји ја промовираат Македонија како земја со најниски даноци во Европа, а притоа ги истакнат и нашите културни, туристички и природни богатства, да не ни се случува ваквите посети на лидерите од опозицијата да поминат во знакот на тужакањето на власта само поради тоа што сменила пар тотално неспособни бирократи кои доаѓале од нејзините редови. Ако на македонските туристи им се сервира идејата дека Македонија не постои, барем нека реагираат дека не е така, наместо да продолжат да лежат на примамливите плажи. Ако македонските студенти некој ги убедува дека не постои македонски народ и јазик, барем нека реагираат дека не е така, наместо да продолжат лесно да ги положуваат испитите. Ако на македонските превозници некој од нивните колеги пиејќи го утринското кафе на граничните терминали им укажува дека не е можен соживот помеѓу заедниците во Македонија, барем нека реагираат дека не е така и дека токму таквата нечија тврдоглава политика доведе до конфликти и поделби на некои други земји.

Сите ние заедно треба да ја шириме приказната за Македонија. За нејзините природни убавини, за нејзините културни наследства, за нејзините различности, за нејзините можности. За нејзиниот придонес на полето на глобализацијата. За нејзините докажани музичари, артисти, дицеи, програмери кои се препознатливи во странство. Како луѓе со потекло од Македонија. Македонци.

Потребна ни е поголема меѓусебна почит. За нас самите. И гордост се разбира. За да не почитуваат другите.

***Киро Тодоровски***
***дипломиран политиколог***

# СИТЕ МАКЕДОНЦИ ТРЕБА ДА ГЛАСААТ!



Поголемиот дел од животот го поминав надвор од Македонија – во Берлин, Германија. Моето македонско државјанство не го откажав. Јас и денес сум Македонец. Сега сум во Македонија. Го следам предлогот на Владата за остварување на избирачкото право на македонските државјани кои живеат и престојуваат надвор од територијата на Република Македонија. И си велам, фала му на Господа што конечно, на една влада и текна со закон да го уреди прашањето за остварувањето на избирачкото право на македонските државјани кои престојуваат и живеат во странство.

Прво, мора секој да знае дека избирачкото право на граѓаните не е право на власта, туку нејзина обврска по Уставот на оваа земја. не постои дилема дали македонските државјани кои живеат и престојуваат надвор од Македонија имаат или немаат право да го остваруваат своето избирачко право, туку како да се остварува тоа право. Во цел свет технологијата за овие лица е остварување на избирачкото право во дипломатско – конзуларните претставништва. Македонија ги има и редно е тоа право и ним да им се удоволи.

Второ, избирачкото право не е право само на даночните обврзници, туку на сите граѓани. Некои велат, тие што живеат надвор од Македонија и не мора да го остваруваат избирачкото право затоа што, наводно, не биле даночни обврзници, туку плаќале даноци во државата каде што живеат и работат. Меѓутоа, тоа воопшто не е точно. Ни во Македонија не се сите даночни обврзници, па никој не им го одзел избирачкото право на тие што не работат и не плаќаат даноци, а за жал, ги има многу. Од друга страна, девизниот прилив на тие што живеат надвор од Македонија е една милијарда евра, половина од буџетот на Македонија. Зарем е тоа малку!? Освен тоа, речиси две третини од вкупниот број фамилии во Македонија имаат свои роднини во странство.

Трето, и во САД речиси триесет проценти од избирачите кои гласале, а живеат во САД, своето избирачко право го остварите по електронски пат. Значи, техниките на гласање се бројни – по почта, по електронски пат и слично.

Им порачувам на позицијата и на опозицијата да се обединат, и да го поддржат Предлогот за остварување на избирачкото право на македонските државјани преку дипломатско – конзуларните претставништва.

*Ѓоко Терзиев, Берлин*

# ДА СЕ ЗАПРЕ ГУБЕЊЕТО НА СТРУЧЊАЦИТЕ

Драга Матицо! Вие, како најстара организација што ги обединува Македонците во дијаспората треба да се залагате да ги зајакнете врските меѓу нашите иселеници и татковината, а со тоа и да ја покажете вашата грижа за нашиот побогат национален живот, и да ни помогнете во заложбите и организациите на многубројните културни и други значајни национални манифестации во дијаспората.„Особено е потребно да се ангажираме кон нашите млади поколенија за нивното образование и негувањето на споменот на нивните корени, бидејќи тие се родени и израснати далеку во светот. Се согласувам со Вас од Матицата дека е потребна изградба на една модерна, македонска држава, која ќе овозможи трајно враќање на нашите иселеници во татковината. За таа цел неопходна е Вашата подршка за преку институциите во државата, да се обезбеди правна и економска сигурност, заради охрабрување на нивното враќање, а особено, за стимулирање на инвестиционите зафати во татковината, за која впрочем, деновиве и отпочна светската акција „Инвестирајте во Македонија". Покрај враќањето на веќе отселените неопходно е и запирање на нови одлевања на млади луѓе во странство пред се, затоа што тоа се големи демографски губитоци. Во образовна смисла, последниве децении си заминуваат од татковината најобразованите генерации, што покрај губењето на креативната сила, Република Македонија губи стручњаци во чие образование е вложен капитал, кој така бесплатно се „вложува" во развојот на други земји. Со „одливот на мозоци", неизбежно е и прашањето, кој ќе создава нови научници и истражувачи? Заминувањето на надарените стручњаци неизбежно води кон технолошка заостанатост и стагнација во економијата и културата. Затоа, државата мора да ги превземе сите неопходни чекори за стабилизирање на оваа појава.

***Горан Михајловиќ***
***Торонто, Канада***

# ПОТРЕБНА Е НОВА ПОЛИТИКА

„Трајното враќање на македонските иселеници е приоритет во стратегијата на Р. Македонија. Не треба да се отстапува по никоја цена, се додека не се доведе бројот на граѓаните од македонската националност спрема бројот на малцинствата во однос 10 спрема еден.„Република Македонија не ги изврши до крај своите обврски како матична држава кон иселениците, но оценката на таквото однесување не треба да биде цел сама за себе, туку да претставува едно ново сознание, кое треба преку програмско осмислување да произведе една нова политика за олку витално прашање за македонските интереси, како што се нејзините синови распрснати низ светот”.

*Лазар Поп Трајков*
*Сиднеј, Австралија*



# ПОДРШКА

„Драги мои, имате голема подршка од Македонците во Малме во Вашето залагање Македонците во соседните земји на РМ да ги добијат сите човекови и граѓански права, предвидени со меѓународните конвенции за правата на малцинствата. Треба да се инсистира пред меѓународната јавност и владите на соседните земји да ја напуштат политиката на дискриминација и непризнавање на нивниот македонски национален субјективитет.”

***Александар Пејовски***
***Перт, Австралија***

# ДА СЕ ИЗМЕНИ ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНА!

Господине Петрески,

Нашите Македонци од дијаспората според постоечкиот Закон за царинење, не можат да си донесат ама баш ништо кога се враќаат . Тоа особено ги погодува оние што решиле остатокот од животот да го поминат во Македонија, по долгите години печалба во странство.

Оваа Влада под итно треба да го промени овој недомаќински Закон, за луѓето повратници да можат во родната земја да го донесат она што го заработиле и стекнале во странство.

***Со почит,***
***Миле Ружинов***

# НОВО РАКОВОДСТВО НА ЗМД ВО ШВАЈЦАРИЈА

На 11 март 2007 година, во клубските простории на Македонското друштво „Св. Кирил и методиј” во Баар, Швајцарија, се избра новото раководство на Заедницата на македонските друштва во Швајцарија. Оваа заедница, во нејзиното 15 – годишно постоење по петти пат избра нови раководители, а тоа се: г-ѓа Македонка Мајер Костадинова (претседател), г-дин Никола Мирчев (потпретседател), г-дин Величе Јовановски (секретар) и г-дин Зоран Костадинов (благајник).

Членовите на новото раководство на ЗМД поединечно ги изнесоа своите ставови за идната работа на Заедницата, но сите потенцираа дека мора да се интензивира соработката меѓу друштвата, а друштвата што се во мирување да бидат потпомогнати во нивното повторно активирање. Новоизбраното раководство беше едногласно во своите заложби и за обединувањето на дијаспората. Претседателката Костадинова нагласи дека нејзина примарна цел е изградба на една стабилна македонска дијаспора во Швајцарија со силна и цврста Заедница на македонските друштва.

Досегашниот претседател на ЗМД, Никола Мирчев, го извести Собранието за досегашните активности на Заедницата и упати благодарност за подршката од двата најактивни клубови во Швајцарија – „Св. Кирил и Методиј” од Баар и неговиот матичен клуб „Македонија” од Есален. Исто така, особена благодарност беше искажана и на градоначалникот на Есален за давањето на дозволата за одржување на концертот на „Танец” на отворено на историскиот плоштад во Есален, со што ЗМД стана првата странска асоцијација што има добиено ваква дозвола.

Г-дин Мирчев и неколкумина поранешни први луѓе на Заедницата, како г-дин Панде Спасов, г-дин Драги Наков и г-дин Тоде Димитров на овој собир, упатија апел до целата дијаспора за конструктивен дијалог и обединување.

# КОЈ ТЕ... ФИРОМИРА !?

**Пишува:**
**Мирослав Наумовски**

Кај нас беше спроведена акција „Не ме фиромирај“, „Викај ме по име“, се продаваа картички, се пишуваа пораки, се одржа хепенинг во Градскиот парк. Убаво! И? На чија адреса отидоа илјадниците пораки на македонските граѓани. Каде завршија потписите на Тајванката (се сеќавате) за името Република Македонија?

Кој ни е виновен? Останавме единствени доследни Југословени од бившата ни држава. Па навистина - кој ни е виновен? Се се растури, отиде во неврат. Го паметиме првиот ни претседател, Киро Глигоров, а помалку или повеке, заборавивме и кој ни беше првиот министер за надворешни работи (Денко Малевски). Се отиде по Вардар, освен фактот дека првата империја на овие простори остана последниот сукцесор на нешто бившо! Бивши се и цигарите „Југославија“. Го нема повеке и уредникот на Дело (Владо мокров), кој ги броеше деновите кога ке ни се вратат името и знамето, такви барем беа ветувањата. Се си оди, а додавката ни е тука, како вечна битка и заложба во агитацијата на политичарите во изборните кампањи. Кој ни е виновен, што не го искористивме мигот во времето, по она народното „додека не се сетат власите“? Никој за тоа не заборува каде сме погрешиле, по Игор Џамбазов (време за плачење) и, тоа ни останува за некое друго време...

Политичарите имаа свои толкувања, своја битка, а спортистите своја. И кој како умее, на која подлога ке наиде, така бара формула да се избегне додавката која сите не боли. Колку, како, и колкави средства и се потребни на политиката - никој не прашува; работата врви, а кога е во прашање спортот, како вистински амбасадор на државата - е, тука е тенко. По приемот во ОН се отворија вратите на спортските сојузи за влез во мегународните спортски институции. Некои поминуваа со уставното име, некои со додавката и со Македонија, а некои само како ФИРОМ и со малку пари почна мегународната афирмација на македонскиот спорт.

А каде ни е спортот македонски? Е тоа е друго прашање. Зад нас се четиритри олимпијади, безброј настапи на најголемите светски европски балкански приредби, имаме европски светски прваци во одделни спортови, но што од тоа. За чие задоволство? За оној грст гледачи на фудбалските, ракометните, одбојкарските мечеви од националните ни првенства, кои со исклучок на националниот ни сервис, останатите ТВ-куки и не ги третираат, зашто по правило се посветени на интернет и агенциските вести, претварајќи ги спортските новинари во папагали кои гледаат во „идиотите“. Потиснати сме од евролигите од светските спортски настани кои не врзуваат пред тв- екраните, а на нашите стадиони куче да врзеш - не седи. Нема гледачи, нема пари, нема квалитет, па сепак се игра. Како успеваат спортските мецени во ова време да ги обезбедат средствата и зошто воопшто има „улави типови“? Некој ке рече: таму се перат пари. Ма какви - пари да переш треба да има и што да исперуш, за дупнат џеб нема перење...Па сепак се игра...



Се израдувавме кога добивме министерство за спорт и млади, што пропадна поради нарцисоидноста на поединци, кои, наместо да ги средат работите, направија хаос во спортот. Дојдовме до агенција, а колку таа ке издржи да не се претопи во образованието и науката? И, што добивме? Историски потфат: сојузите според Законот мораа да се трансформираат од сојузи во федерации, не по врат - по шија. Што се разреши? Се испотрошија пари за нови печати, за меморандуми, а проблемите на врвниот спорт, на врвните спортисти, спортските објекти, статусот на трофејните остана и натаму на маргините. Имаме закон за спорт кој до буква е препишан од соседите, со тенденциозни две измени: националниот олимписки комитет е здружение на гргани како и, на пример, кик-бокс федерацијата, и не е перјаница на врвниот спорт, и, по прашање на финансирањето - да нема олеснувања за спонзорите и донаторите. Имаме закон за спорт, ама треба да се има и закон за финансирање во спортот. Кој дава во спортот - мора да плака данок, персонални давачки, а некогаш и воен данок, и на крајот од годината државата пак да го „роби“, а дал и помогнал на некој спорт, спортист, или некоја манифестација. Олеснувањата не вредат ни половина денар. Џабе. Има тука решенија, само ако се сака.

Малку им треба на спортистите, дајте им пари - тие двојно ке вратат. Убаво е кога се собираат илјадници луге на стадионите и кога ечи „Македонија, Македонија“. Убаво, но убаво е и кога низ европските и светските спортски сцени шетаат спортистите со ознаките на тренерките и дресовите на кои пишува „Македонија“. Таму не не фиромираат, не викаат Македонци (исклучок се Грците). Затоа: дајте им пари на спортистите, тие полесно можат да го разрешат проблемот на името и вековната ни желба. Некој треба да сака...

# ЗАДУШНИЦА

Во текот на годината постојат посебни денови посветени на помен на мртвите кога се прави молитва за нив.

Првата задушница секогаш е една недела пред Прочка, сабота пред Месните поклади, потоа Духовденска, сабота пред Духови, Митровденска-сабота пред Свети Димитрија и Велигденска, понеделникот по Томина недела.

Кај нас во Македонската православна црква обичај е и на празникот „Свети Илија - Илинден" да се прави помен за покој на душите на сите загинати за „Вера и отчествона поле брани живот свој положивших". Поменот се прави во црквите или на гробовите на кои се споменуваат сите борци, маченици за верата и слободата на својот народ, за сите неопеани и воени гробови во сите буни, востанија и револуции.

Како што Црквата на своите чеда во текот целиот нивен живот им е нежна мајка,која им ја дава полнотата на благодатта и ги благословува, исто така не ги остава без својата помош ни вотешките мигови, пред и по нивната смрт, туку се моли за нив во молитвословијата и чиновите, кои се служат во случај на смрт на христијаните.

После извршеното опело за покојникот, светата Црква определила постојано да се молиме за нашите починати. Нив секогаш ги споменуваме на проскомидијата која се служи на секоја Свет Литургија. Во тоа литургиско спомнување во склопот на Светата Евхаристија на покојните им се простуваат гревовите. Затоа е многу важно да се даваат имињата на покојните за да се спомнуваат во Црква.

Освен овие спомнувања и молитвата за покојните, Црквата востановила и посебни денови кога се присетуваме на нашите драги покојници и ги посетуваме нивните гробови.

Панихида или парастос е богослужба во која се застапуваме и молиме за починатиот. Таа се врши над починатите во времето кога се уште се изложени дома, пред погребот, потоа во 39 и 40-тиот ден,



Протоерej
Трајче Петковски

**ВИСТИНСКАТА ВЕРА Е ВЕРА ВО ЕДИНИОТ БОГ ВО ТРОИЦА, ТВОРЕЦ НА НЕБОТО И ЗЕМЈАТА И НА СЕ ВИДЛИВО И НЕВИДЛИВО. БОГ Е БИТИЕ БЕЗ ПОЧЕТОК И БЕЗ КРАЈ, БОГ Е ДУХ КОЈ НЕ СЕ ГЛЕДА, НО КОЈ СЕКАДЕ Е ПРИСУТЕН, СЕ ГЛЕДА, СЕ ЗНАЕ, СЕ МОЖЕ И ЗА СЕ СЕ ГРИЖИ. БОГ Е ИСПЛОНЕТ СО ЉУБОВ КОН СИТЕ ЛУЃЕ И КОН СЕ ШТО Е СОЗДАДЕНО. БОГ Е ЉУБОВ ОД ВЕЧНОСТА, А НЕ САМО ВО ВРЕМЕТО**

шестмесечниот и годишните помени по нивната смрт. Потоа, помени за починатите се прават на денот на нивниот роденден и имендден.

Малиот помен за починатите е пократок од панихидата, кој може да се изврши на гробот или в Црква, на Задушница или секогаш кога́ е посака семејството или пријателите на починатиот.

Задушниците се денови посветени за душите на починатите. Секогаш паѓаат во сабота, а христијаните одат уште од петокот и тоа се денови во кои преку целата година се присетуваме на починатите. На гробишта и во Црква се носи варена пченица. Пченицата симболично не потсетува на Христовите зборови дека зрното дури откако ќе умре донесува плод и тоа не во земниот мрак, туку во светлината на сонцето. Пчемницата е симбол на смртното тело и бесмртната душа во светлината на Царството Небесно.

Црвеното вино со кое свештеникот ги прелива гробот и пченицата го означува Божјото милосрдие со кое се залечуваат раните од гревот.

Свеќата е симбол на Светлината Христова. Он рекол: „Јас сум светлина на светот". Таа светлост треба да не потсети на светлината со која Христос ги засветлува душите на покојниците.

Храната дадена за душа на покојникот не е за да се нахрани покојникот, туку на тие што ќе се подели, во своите молитви да си споменат за него.

Светата Црква советува да не се прават скапи ручеци за покојните, туку средствата да се употребат за племенити цели, да се помогне некоја сиромашна фамилија, болни луѓе, сираци или во црковните народни кујни каде се хранат сиромасите. Тоа значи да се постапи христијански.

На денот Задушница се оди на гробовите на покојните. Таму се палат свеќи, кандило, а свештеникот го извршува краткиот обред (трисагија) и ја полева пченицата и гробот на покојникот.

Ако нашите покојници се погребани далеку и нема можност да се отиде на гробот, секогаш може да се отслужи помен во Црква, а Господ гледа и знае.

Нека Господ ги успокои сите кои починале со надеж на воскресение и вечен живот. Амин.




FON

FIRST PRIVATE UNIVERSITY

**Скопје**
Војводина б.б.
1000 Скопје
тел: 02/ 244 55 55
факс: 02/ 244 55 99

**Скопје**
Ченто
1000 Скопје
тел: 02/ 2580 222
факс: 02/ 2580 200

**Струга**
ЈНА б.б.
3 660 Струга
тел: 046/785 045
факс: 046/785 035

www.fon.edu.mk

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - Р.МАКЕДОНИЈА

Прв приватен универзитет во РМ



## ВЛОЖУВАМ ВО СЕБЕ...

**В** исоко образование
**Л** идерски вештини
**О** пределба за иднина
**Ж** ивотно искуство
**У** спех и задоволство
**В** исок квалитет
**А** вангарда и идеи
**М** отивираност

**В** ерба во себе
**О** длучност

**С** тандарди
**Е** вропски насоки
**Б** орбен дух
**Е** вропски универзитет

# ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Р. МАКЕДОНИЈА

ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО РМ